СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ПРОДОЛЖЕНИЕТО НА 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 29.XII.1992 ГОДИНА**

Реп.буџет-ребаланс-измени,амандмани гласање-стр.69


1. АЛИУ ХАЛИТ - 13, 65
2. АБДИ ФАИК - 15
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 25
4. АРСОВ ДРАГИ- 32, 44, 46
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 61
6. ЃОРЃИЕВСКИ ПЕТАР - 51, 60
7. ЃОРЧЕВСКИ БОРИС - 20
8. ЖУТА БЕЌИР - 42, 44, 47, 48, 49, 65, 66
9. ЗАФИРОВ ЈОРДАН – 10, 18
10. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 28, 42
11. КОВАЧЕВОКИ КИРИЛ - 12
12. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 9, 11, 43
13. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 75
14. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 63
15. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 48
16. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 15, 35
17. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 25
18. ПРЕВАЛА ШАБАН - 23
19. ПЕТРОВ ТОДОР - 22, 29, 50, 81
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 19
21. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 62, 72 (заклучок по ребалансот на Буџетот за 1992г.)
22. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 14
23. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 16, 67
24. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 27
25. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 30, 63, 80
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 48, 51, 55, 58, 59, 60
27. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ - 78
28. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 66
29. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 21
30. ТАИРИ ЏЕЛАИЛ - 37
31. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 66
32. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 39, 51, 53, 57, 67, 80, 81
33. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 7
34. ЏАФЕРОВСКМ АЛИЛ – 13


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од продолжението на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 декември 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието гч Република Македонија, со почеток во 10,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Флоре Масалковски, Васил Зимбаков, Благој Ханџиски, Симеон Ивановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по Предлогот за измените на Републичкиот буџет за 1992 година.

Молам, за едно разбираше. Бидејќи не се чувствувам добро би сакал да завршиме што е можно побрзо со точката за ребалансот и Одлуката за времено финансирање. Затоа ги молам пратениците да не излегуваат додека не се изјасниме по овие две точки бидејќи сме ма работ на кворумот.

Продолжуваме со работа по предлогот за измените на Републичкиот буџет за 1992 година.

Бидејќи при поименичното гласање по амандманот на раздел 29 позиција 366, конто 456, поднесен од Комисијата за здравство се констатира дека нема потреба мнозинство пратеници за одлучување, и

амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (33)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот разделот 29, позиција 366, конто 456, поднесен од Комисијата

**ТРПЧЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во веродостојноста на гласањето повеќе од десет пратеници молам да се изврши поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дал  има 10 пратеници кои го поддржуваат предлогот?

(Пратениците креваат рака)

Констатирам дека има повеќе од десет пратеници кои го поддржуваат предлогот на Душан Трпчевски.

Го молам секретарот Игор Спировски, да почне со прозивање.

1. ФАИК АБДИ, воздржан
2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА, воздржан
3. ХАМИД АЛИУ, воздржан
4. ЕШРЕФ АЛИУ, не е тука
5. СТОЈАН АНДОВ, воздржан
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ, за
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ, за
8. ТИМЕ АНДОНОВ, воздржан
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ, за
10. ДУШКО АРСОВСКИ, воздржан

11. ДРАГИ АРСОВ, за
12. БРАНКО АРСОВСКИ, не е тука
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ, не е тука
14. ЈОРДАН БОШКОВ, не е тука
15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ, воздржан
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ, за
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ, не е тука
18. ПЕТАР ГОШЕВ, воздржан
19. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ, за
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ, за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ, воздржан
22. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ, воздржан
23. ТОДОР ДИМОВ, воздржан
24. ДОСТА ДИМОВСКА, за
25. РАТКА ДИМИТРОВА, за
26. ПЕТАР ГОРГИЕВ, воздржан
27. БОРКО ГОРГЕВСКИ, за
28. ДУШКО ГОРГЕВСКИ, не е тука
29. ЗУДИ ЕМИНИ, против
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ, воздржан
31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ, не е тука
32. НАСЕР ЗИБЕРИ, воздржан
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ, не е тука
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ, воздржан
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ, за
36. СИМЕОН ИВАНОВСКИ, не е тука
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ, воздржан
38. ЈАЌИМ ИВАНОВСКИ, не е тука
39. ИВАН ИВАНОВ, за

40. ЉУПЧО ЈАЌИМОВСКИ, не е тука.
41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ, за
42. РИСТО ЈОВАНОВ, против
43. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА, за
44. РИСТО ЌЕЛЕШОВ, за
45. ТАШКО КИРОВ, за
46. ЗОРАН КИТЕВ, за
47. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ, за
48. ГОРГИ КОТЕВСКИ, за
49. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ, за
50. ЗОРАН КРСТЕВСКИ, не е тука
51. НИКОЛА КРСТЕСКИ, за
52. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА, не е тука
53. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ, за
54. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ, за
55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ, не е тука
56. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ, за
57. ЕФТИМ МАНЕВ, за
58. СТРАШО МИЛКОВСКИ, не е тука
59. ПАНЧО МИНОВ, не е тука
60. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ, воздржан
61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ, за
62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ, за
63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ, воздржан
64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ, воздржан
65. АВДИ МУРТЕЗАНИ, воздржан
66. НАИФ МУСТАФА, против
67. СИМЕОН НАУМОВСКИ, воздржан
68. ПАНЧЕ НАСЕВ, воздржан

69. СЛАВЕ НАУМОВСКИ, не е тука
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ, не е тука
71. ДУШАН НИКОЛОВСКИ, воздржан
72. ЈОВАН НИКОЛОВ, за
73. ТОДОСИЈА ПАУНОВ, за
74. МИХАИЛ ПАНОВСКИ, за
75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ, за
76. ТИТО ПЕТКОВСКИ, не е тука
77. ТОДОР ПЕТРОВ, за
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ, не е тука
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ, не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ, воздржан
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ, не е тука
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ, воздржан
83. ШАБАН ПРЕВАЛА, воздржан
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ, воздржан
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ, не е тука
86. ИВАН РАМБАБОВ, за
87. ШУКРИ РАХИМИ, за
88. НЕИМ СЕЛМАНИ, не е тука
89. ФЕРИД САДИКУ, за
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ, воздржан
91. АЦО СПИРОВСКИ, не е тука
92. РИСТО СТАНКОВСКИ, воздржан
93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ, против
94. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА, воздржана
95. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ, за
96. СТОИЛЕ СТОЈКОВ, за

97. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ, не е тука
98. РИСТО СТАМЕНОВ, не е тука
99. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ, воздржан
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ, воздржан
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ, воздржан
102. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ, за
103. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ, за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ, за
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ, не е тука
106. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ, не е тука
107. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ, за
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ, за
109. АГИМ ФАЗЛИУ, воздржан
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ, за
111. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ, не е тука
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ, воздржан
113. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ, воздржан
114. МУХАМЕД ХАЛИЛИ, не е тука
115. СТОИМИР ЦВЕТКОВСКИ, за
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ, воздржан
117. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ, воздржан
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ, не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ, не е тука
120. ХИСМИ ШАКИРИ,против

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од резултатите на гласањето се гледа дека гласале вкупно 86 пратеници. Од нив 44 пратеници гласале за, 37 се воздржале а пет пратеници се против.

Според тоа, констатирам дека амандманот е усвоен.

Продолжуваме со работа по амандманите.

Збор бара господинот министер за финансии. Но, прво треба да отвориме расправа, па потоа вие можете да земете збор.

Господа, после, кога се зборува за Предлогот на Буџетот тогаш ќе зборуваме за билансната нерамнотежа. Знам јас што се спори, но се во свое време. Сега е завршен амандманот. Кои неволји тоа создава ќе кажете кога ќе отвориме претрес по Предлогот на буџетот а после расправата по сите амандмани тоа е на ред и вие ќе кажете како предлагате тоа да се надмине.

Отворам претрес по амандманот на раздел 59 позиција 618 конто 435, поднесен од пратеникот Стоимир Цветковски.

**СТОИМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, моите два амандмани се однесуваат на позицијата за кредитирање на недоволно развиените општини од пограничните подрачја. Меѓутоа, имајќи предвид гласањето и надгласувањето за амандманот што имаше далеку поголема потреба да се изгласа така како што се изгласа јас ги повлекувам двата мои амандмани, бидејќи после известувањето од Министерството за финансии и од Владата е дека во текот на првото планирање во првото шестомесечје ќе бидат земени предвид и едниот и другиот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму. Во меѓувреме, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе амандман на раздел 22 позиција 231, конто 433 и раздел 22, 232 конто 433 и раздел 22 позиција 234 конто 433 по кои Владата на Република Македонија не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на раздел 22 позиција 231 конто 433, раздел 22 позиција 232, конто 433 и раздел 22 позиција 2 34 конто 433 поднесени од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор по амандманот.

Збор има господин Котевски.

II/1 сј/вц

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Бидејќи денес е продолжение на седницата што ја започнавме пред неколку дена, амандманот што го поднесе пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ во една прилика овде беше неприфатен, ние го обновуваме со цел за да се подобрат некои состојби на земјоделието и да не ја повторувам истата дискусија истата седница јас овој пат само ќе ви го прочитам образложението врз основа на тоа вие да можете да го дадете својот глас

Определбите за поттикнување на развојот на земјоделието.... само декларативни доколку не бидат обезбедени неопходно.... средства за материјализирање на поддршката на оваа основна дејност. Само со зголемени средства за регрес и за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетни сортни... ќе се мотивираат земјоделците за нивно поголемо користење.... и за создавање на поголем обем на земјоделското производство наменето за задоволување на растечките потреби на населението... неопходниот извоз. Со овие средства се оценува дека ќе може ... да се влијае и во непосредното поттикнување на обемот на земјоделското производство на одделни дефицитарни земјоделски производи и тоа преку системот на премии на земјоделското производството... поголем обем на средства за реализација на програмата за... на развојот на земјоделството. Исто така ќе се влијае... побрз развој. Затоа ве молам да го дадете својот... на овој амандман.

**ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас би сакал да прашам нешто, тука е министерот за.... и потпретседателот на Владата, бидејќи ние не влеговме во фаза да го

II/2

зголемиме ребалансот на буџетот, прво ме интересира дали се спроведливи овие амандмани кои ги усвојуваме и го зголемуваме буџетот, или си носиме одлука која никогаш нема да се спроведе, од причини што државата е должна по одредени позиции кои требаше да ги исплати за сончоглед, за ова, за она, сеуште не се исплатени, јас не знам зошто сега на два дена пред завршувањето на буџетската година поднесуваме амандмани за зголемување на буџетот на одредени позиции која нонсенс во светот не постои парламент кој се бори да го зголеми буџетот, туку битки се бијат буџетот да се намали и одредени позиции односно корисници кои се дуплирани со дејности и сл., да се симнат од буџетот со што на одреден начин би се намалиле давачките и во стопанството и кај граѓаните, ние од наопаку ја правиме работата.

Сакам навистина, министерот за финансии да каже овде дали ние можеме да гласаме и за и против, нема никој против поднесените амандмани ниту има забелешка дека има потреба тие позиции да се зголемат. Не можеме ние да ги задоволуваме потребите со претпоставени можности. Оваа држава има можности толку и ќе кажеме може или не може. Затоа министерот го молам овде на говорница да каже дали овие амандмани за зголемување на буџетот е спроведлив или е неспроведлив или само без потреба губиме време.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека до крајот на годината ниту имаме средства со ребалансот ниту имаме време овие обврски за поттикнување и развој на земјоделството ги удоволиме. Оттаму мислам дека нашето залагање би требало да се движи во правец на втората точка по која би требало да се донесе одлука за исплата на овие средства до 31.1.. Со одлуката за времено финансирање мислам дека е реален рок во кој може овие средства да бидат исплатени на земјоделските

производители. Мислам дека тоа е сосема реално и е еден сосема реален приод. Во таа смисла јас во втората точка ќе го предложам овој заклучок за кој мислам дека ова собрание ќе го усвои.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал од оваа говорница да го прашам господинот Алил Џафероски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не може. Тоа не може. Тоа не. Ќе го прашате на пауза или во некоја комисија. Вие кажете си тоа што имате да си кажете.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Еве не го прашувам со оглед што ме опомена господинот претседател, меѓутоа ние дали сме свесни што расправаме на оваа седница и на онаа претходната. Ние цело време овде дискутираме за ребаланс на буџет и за веќе потрошени средства. Веќе за реална и фактичка состојба која е во поглед на Македонија во поглед на буџетските потрошувачи и кој и дал право на таа Влада и на оваа администрација македонска, сите овие средства произволно или незнам колку наменски ги искористила и дури после извесен период сега пред завршувањето на оваа календарска година да го донесува ребалансот на буџетот, а ние како проста гласачка машина сега ние треба само да го усвоиме т.е. да го санкционираме она што тие го направиле во текот на овие месеци, а требаше тој ребаланс на буџетот, се знае како се носи. Се носи пред да настане состојбата, таква каква што е денес и во другите поцивилизирани, попарламентарни земји за вакви состојби навистина овој Парламент не треба да гласа за ваков ребаланс на буџетот и оваа Влада треба да си оди, треба да падне автоматски. Ние не можеме на ваков начин постојано да ги

толерираме работите во Македонија. Инаква е состојбата, во продолжението по инерција, по пат на инерција постојано да ја прифаќаме и тоа постојано да ни се наметнува во Парламентот со цел ние да не можеме адекватни и солидни решенија да донесуваме во овој Парламент. Аналогно на тоа после се случува и во јавноста, во ширењето на јавното мислење во Македонија дека овој Парламент не е воопшто способен да работи, да ги носи законските проекти. Еве ист пример, ист случај како не треба да го донесеме овој ребаланс на буџет за 1992 година. Потрошени средства и сега ние овде треба да гласаме. Тоа не може да го направи еден работнички совет ни со периодична ни со завршна сметка, а не ние овде. Затоа треба да бидеме свесни во каква состојба сме и како треба да ги насочуваме дискусиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само еден момент, имаме ние после за предлогот на буџетот, ова е сега за амандманот и немојте да возиме понапред отколку што треба..

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, уште во септември требаше оваа точка да ја имаме на дневен ред. Ние многу задоцнивме. Тоа не е наша вина, тоа не е вина на пратениците, тоа е вина на Владата, вина е и на претседателството на Собранието. И, сега викаме од каде пари. Навистина нема пари но затоа вршиме ребаланс. Владата е должна, од некаде ќе извади и ваму ќе даде. Мора да го поттикнеме земјоделието. Мора да се даде на земјоделието и нема што вика колегата Џафероски, нема пари. Не може да биде тоа точно.

II/5

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Никој не го оспорува тоа дали треба пари за земјоделието и господинот Котевски го потврди она всушност што и јас го реков практично, но да се бара одговорност од влада која токму тогаш ја избравме кога требаше да зборуваме за ребалансот, мислам дека не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е надвор од амандманот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Да надвор е од амандманот. Се беше во ред на господинот Котевски што го кажа освен амандманот кој е на два дена пред нова година. Во тоа е проблемот и нема пари. Не е никој против амандманот.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, јас потполно се согласувам дека треба на земјоделството да му помагаме, дека треба на некои други ресори да им помагаме, меѓутоа, една работа не ми е јасна. Ако знаеме што е буџет, ако знаеме што е ребаланс и ако знаеме како се носеше тој буџет од првобитната влада така наречена експертска влада, ако ги знаеме параметрите на тој буџет од таа експертска влада не ми е целта да ја бранам оваа влада, меѓутоа ми се чини дека тогашната влада денеска тука се потврди дека била влада на ВМРО.

Второ, конкретно до овој амандман ако знаеме дека има и приходи и расходи тогаш дајте од која страна приходите да ги зголемиме за да можеме да дадеме некому.

Трето, мене ме зачудува како и обично од оваа говорница за една стручна работа да се полемизира.

II/6

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас излегов да кажам само за повикот од оваа говорница за свеста и за тоа колку сме свесни ние пратениците. Во врска со расправата по амандманот што е поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, јас овој амандман го толкувам како нов намет на земјоделците, во износ од 3 милијарди динари и тоа од следните причини: Ако амандман ваков каков што е не предвидува извори на средства, а евидентно дека не предвидува, само вели да се дадат на овие три позиции, 3 милијарди динари, тоа подразбира дека Владата ако сериозно го сфати тоа и ние овде да изгласаме дека треба да обезбеди извори на средства од некаде. Веројатно дека тие извори на средства нема да дојдат, некој овде да ни ги донесе со торба, туку државата треба да изврши нови зафаќања и во приходниот дел што е на буџетот и да оптовари одредени даночни обврзници. Оттаму испаѓа дека треба да претураме "од шупљо во празно", а тоа значи и она нешто што го имаат земјоделците сега остварено во тековната година 92 година од земјоделското производство дека прво треба преку механизмот на приходите на буџетот да му го земеме, да го донесеме во државната каса, а после тоа низ административниот механизам повторно нивните пари да им ги вратиме и прашање е дали сега на тие што им се зеле или на други корисници што се определени и тоа во услови на висока инфлација кога тој динар што ќе му се земе и што ќе се врати ќе биде намален за вредноста за 2, 3 пати повеќе.

Значи ли тоа господо дека сме свесни и за свеста што правиме и што предлагаме. А, селаните ќе си произведуваат и понатаму а тоа дека ние се обидуваме овде да им продаваме бубрези место јаболка, тоа треба да размислиме. (реакција на дел од пратениците во салата).

II/7

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека никој од нас нема право во овој момент пред нова година да каже нешто дека оваа влада била ваква, онаа Влада била онаква. Претходниот дискутант нешто начна околу ова прашање. Ако ние ги погледаме само нашите плати и ребалансот од нашите плати во буџетот, тогаш треба сигурно да речеме и граѓаните сега да речат што е ова толку икс милијарди настанаа многу икс милијарди. Сигурно тоа е инфлацијата. Ако го знаеме коефициентот на инфлацијата ревалоризирајте ја таа прва, почетна вредност ќе дојдете до овие диври кои што ви се предлагаат овде. Заради тоа немојте оној маркетинг како да некој сака многу да се развива земјоделието, а некој не сака. Јас претпоставувам дека тоа е само резултат на инфлацијата и зголемуваше на номиналната вредност на тие вредности кои што се први предложени. Ако не е така нека кажат луѓето од владата. Јас претпоставувам дека во најголем дел тоа е резултат. Ако има нешто друго би сакал и јас да знам. Да го прифатиме мислењето на господинот претседател што побрзо оваа работа да ја завршиме, има и други работи да привршиме крај година е.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас сметам за овој амандман да се обезбедат средства од таканаречениот црн фонд на буџетот на Владата, така во продолжението на оваа седница го нарече пратеникот Зоран Крстевски, дека постоел некој таков фонд и од таа сума може да се определат за овие намени што се поднесени со амандманот. Сметам дека пратениците кога ќе дискутираат да не носат тука мезиња, џигери и граѓани, туку да третираат проблематика која навистина личи на Парламент и на паметни луѓе.  Затоа, молам да не се тресат тука зеленила и да се оди

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така, исто е тоа, немојте така.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани граѓани,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немој на граѓаните, не ве молам, не, тоа е недопустливо, тоа не , вие овде зборувате во Парламентот.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

И почитувани пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Така, инаку одите на митинг некаде и зборувајте на граѓаните. (реакција на пратениците во салата проследена со смеа). Ве молам, да продолжиме. Ве молам, да го ислушаме, тишина.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам дека овде слушнавме една марксистичка демагогија што и понатаму за жал се шири во оваа држава, но треба да се присетиме дека кога се формираше оваа нова влада, јас овде кажав дека ова население во Република Македонија треба да преживее. Ние се наоѓаме во фаза да ова наше население што живее во Република Македонија не може да си ги задоволи своите егзистенционални потреби. Е, како сега ќе дојдеме ова население да преживее ако не вложуваме како држава во земјоделието кое е производител на храна.

Овде се искажа од премиерот по повод формирањето на оваа Влада дека не се собираат даноци од многу фирми, од приватни, полуприватни итн. фирми не плаќаат даноци. Па, јас би ги прашал господата од коалиционата Влада што седат во овие клупи како парламентарци и што

гласаа за оваа влада што направи таа Влада  на некој начин да ги прибере тие средства на овој буџет. Би се запрашал и би кажал на развојот на земјоделието. Парите може потрошени, би требало ние како пратеници проценти е зголемен ребалансот на буџет.

III/1 сп/пн

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (продолжение)

Голем е Ребалансот на буџетските средства во поедини раздели. Би го спомнал само разделот 9 - Министерство за внатрешни работи. Дали некој од вас се запрашал за колку пати се ребалансирани неговите буџетски средства, а овде ова Собрание на три пати донесување така наречени заклучоци околу земјоделието, декларативно да му се помогне за земјоделието, сите застанувавме зад тие заклучоци и господата од позицијата т.е. од коалиционата влада и опозицијата, меѓутоа, изгледа дека испадна само декларативно. Затоа ќе кажам овој амандман го подржувам, а право е на Владата дали ќе најде или ќе им каже на земјоделците опозицијата бара овие средства во Буџетот да ви се зголемат, а ние како позиција, како Влада не дозволуваме тоа. Тоа треба да се каже овде. Опозицијата има право овде да поднесува амандмани, меѓутоа, ме чуди како од позицијата од пратениците кои се во позицијата се поднесуваат амандмани. Дали не е двојност ова? Тоа би требало да се запрашаме ние како пратеници и мислам дека амандманот си е на место и јас само би го дополнил МВР раздел 9 да врати некои средства што му се премногу дозволени во овој ребаланс на буџетот, па ќе најдеме средства за земјоделието. Сигурен сум дека луѓето ќе бидат задоволни, ќе произведат храна и ова населението во оваа РМ ќе преживее.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, незнам дали сите оние кои до сега дискутираа имаа најдобри намери да му помогнат на земјоделието имајќи предвид, само сакам да ги потсетам, кога беше предлог на буџетот Комисијата за земјоделие имаше свој амандман на 2 милиони денари, тогаш истите овие

пратеници гласаа против, а сега кога се работи за Ребалансот, кога тие средства се уште поголеми, некаде над 5 милијарди денари истите овие пратеници сега пред 2 дена кога не може да се изврши ни временски ни финансиски буџетот, се залагаме за нешто што практично не е можно.

Оттаму, предлагам овој амандман да биде содржан или неговата содржина да биде содржана во одлуката за времено финансирање на Републиката и овие средства кои му недостасуваат на аграрот бидат исплатени до 31 јануари 1993 година. Мислам дека во овој момент тоа е единствено решение. Од таму некој ми дофрлува дека лажам, мислам дека можат да се проверат сите амандмани кои се поднесувани и тоа е факт, мислам дека не е коректен еден таков однос и секое такво однесување и демагошки однос спрема земјоделието 40 години страда токму од едно такво однесување.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ги ценам заложбите на одредени пратеници да се помогне ситуацијата во земјоделието, меѓутоа, исто така, сметам дека е фер кон овој Парламент кога се нуди Ребаланс на страната на расходите да се нуди Ребаланс и на страната на приходите од оној го поднесува амандманот.

Овој амандман е поднесен на 3 конта со вкупен износ од 2 милијарди 740 милиони денари. Тоа значи дека би било добро оние кои го нудат амандманот за да можеме ние да одлучиме, да предложат и на страната на приходите на Буџетот дополнителни зафаќања во износ од 2 милијарди 740 милиони денари.

Сега, за да не зборувам на празно ќе кажам што значи тоа. Тоа значи данокот од добивка да се зголеми за 33%, па ги молам поднесувачите на амандманот да се изјаснат дали предлагаат данокот на добивка, покрај сите

заложби за растоварување, да се зголеми за 33%, за 1/3 во Македонија или предлагаат данокот од личен доход што значи даноците на сите кои работат во општествениот и приватниот сектор да се зголемат за 7% со зафаќања или предлагаат данокот на промет за сите производи и услуги практично на сите да се зголеми за 3% односно секој семеен буџет во просек 3% месечно да се оптовари за се она што се троши во прометот или предлагаат приходите од такси да се зголемат за 200% или предлагаат да се зголеми царината во државата за 10% или предлагаат сите останати ситни приходи во Буџетот да се зголемат за 75%. Затоа што овој амандман од 2 милијарди толку тежи, условно да кажам.

Алтернативно или предлагате, па не 33 за секој по 1,2 проценти да се зголеми, еден до два проценти данокот на доход на добивка на претпријатијата, еден до два проценти даноците од личен доход на работниците во општествениот и приватниот сектор, 3% даноко1] на се што купуваме, да ги зголемиме таксите на граѓаните за 20-тина проценти, царините за 5% итн. и тогаш ќе бидам навистина за- доволен такво амандман да разгледувам и нема да го сфатам дека е демагогија, само не онаа со марксистичка, туку популистичка.

**БОРИС ГОРЧЕСКИ:**

Драги пратеници, се изрекоа доста работи, нема да ги повторувам оттука, но да се сетиме во врска со амандманот на минатата година при Ребалансот на Буџетот кога бевме заеднички сите партии од ова исто место кога Владата молеше дека не може да се постигне ништо, како и оваа сега што укажува дека тешки се измените на ребалансот на Буџетот, а со тоа што истите од овде неколку души што ги видов, можеби некои ќе стане по ова или можеби ќе се засрамат да станат по ова што истите тие беа што се

трудеа неколку души што излегоа овде се трудеа во минатата година да и се спротивстават на Владата дека мора да стори нешто за земјоделието, а сега се работи сосема обратното. Јас ќе ги замолам да с потсетат што зборуваа минатата година, а што зборуваат сега. И минатата година кога дојде исто ваков амандман за земјоделието бевме сите едногласни против Владата односно Владата да изнајде некои решенија за земјоделието. Кога оваа година се поднесе амандман за земјоделието, сега некои сака да и се стави во одбрана на Владата односно да докаже дека не може да се промени нешто за земјоделието. Затоа однапред кажувам дека сум за тој амандман оти живееме од тоа земјоделие, а сега што сакаат некои да си ги симнат ланските маски односно годинава да стават други, тоа е нивен проблем.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани дами и господа, Неколкуте претходни дискутанти изнесоа дека би требало нови зафаќања во однос да се задоволат потребите во однос на ребалансот на буџетот. Мислам дека таквото нешто би било многу погубно за граѓаните на РМ. Се спомнуваат даноци, давачки од увезената стока, меѓутоа, мислам дека Владата крајно време е барем сега кога и поминаа 100-те дена од нејзиното постоење малку повеќе да се замисли за прибирање средства од народот во Македонија, кој без никаков труд се збогатува од ден на ден. Имено, се работи аз отуѓување или присвојување или довоградби на куќи, на дуќани на други локални објекти работилници за производство кои се распространети низ цела Македонија. Оваа појава општествениот имот

фактички од ден на ден го загрозува и јас мислам од општественото земјиште за неколку години нема да остане ништо. Крајно време е Владата да ги ангажира луѓето во геодетските управи да извршат на ново мерење на секоја педа општествено земјиште кое е узурпирано луѓето често да си ја платат. Изворите на средства од тука мислам не за еден, туку за повеќе ребаланси на буџетот да се зголемат.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас нема да се произнесам за амандманот заради тоа што сметам дека не е почитуван деловникот, надлежното работно тело Комисијата за буџет и финансирање да го разгледа согласно членот 333 и да даде соодветно мислење на пратениците во Собранието. Бидејќи е единствено надлежно тело за расправа по однос на поднесени амандмани во кој се содржат одредби за ангажирање на финансиски средства по однос на буџетот е ова работно тело и затоа барам претседателот да ја прекине седницата за да надлежното работно тело си го даде своето мислеше. Тоа од една страна, а од друга страна сакам да укажам на честите изнесувања неточни работи за мене од оваа говорница, не се работи за усвојување на завршна сметка за 1992 година, туку се работи за ребаланс на буџетот, а на оној на кој не му се јасни работите што значи ребаланс, нека ја прочита стручната литература и да види дали имаме право само да констатираме во постапка на донесување на ребаланс на средства кои се потрошени или имаме право како пратеници да ги изменуваме одделните ставки за разни позиции. Затоа сакам претседателот да дозволи надлежното работно тело да се изјасни по амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само еден момент. Амандманот е денеска примен и амандманите кои се даваат во текот на расправата обично не ги даваме на

работните тела за да не се прекинува расправата овде, таква пракса имавме и со другите амандмани, а бидејќи г-динот Петров инсистира, тогаш Собранието треба да одлучи дали да правиме пауза да се гледа амандманот.

Молам, кој е за предлогот на Тодор Петров да крене рака. (28)

28 пратеници гласаа за овој предлог, значи ќе расправаме сега непосредно. Затоа е сугестијата амандманите да се даваат на време и само по исклучок да одиме на амандмани во текот на расправата. Тоа многу ги комплицира состојбите.

Одиме понатаму. За збор се јави г-динот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас всушност си го кажав своето мислење за ребалансот нас буџетот, само во оваа прилика да потсетам со оглед на дискусијата што се одвива тука.

Овој буџет за 1992 година со 11 месец беше остварен некаде околу 80%. Лично ќе бидат среќен со завршната сметка на буџетот остварувањето да биде 100%. Меѓутоа, во тоа се сомневам. Поради тоа, мислам дека се излишни дискусиите за извршувањето на така наречениот класичен ребаланс. Во право е колегата Тодор Петров кога вели дека ребалансот е нешто друго. Јас би сакал да се согласам дека ребаланс во вистинска смисла на зборот и нашето залагање за исполнување на одредени намери во врска со поинаквото стимулирање на одредени дејности, вклучувајќи го и земјоделието и ајс потполно се согласувам па и другите дејности, меѓутоа, се е доцна, останува да се санкционира една состојба и дека било што да

преземеме јас мислам дека тешко може да се оствари за 2 дена. Затоа сум за тоа да се согласиме да се прифати ова што е предложено како една крајна состојба, а сите дискусии што се изнесени овде вклучувајќи ја и мојата на претходната седница, да се земат предвид само како насоки за буџетот за 1993 година. Но, бидејќи немаме време за акцептирање на одредени насоки за буџет- ската 1993 година, јас мислам да не губиме време, туку да се согласиме со состојбата која се предлага оти се е доцна и било што да предлагаме и нешто најидеално, тешко да се оствари. Дури и распределба на средствата предвидена со расходната страна на буџетот јас мислам дека е тешко остварливо. Мислам дека и нови приходи за 2 дена тешко можат да се остварат. Затоа мислам дека нема логика да губиме време, туку еве да се договориме да ги донесеме измените на буџетот така како се предложени, а во текот на јануари евентуално до февруари ако ни се предложи Нацрт буџетот за 1993 година, тогаш опстојно, образложено осмислено до крај да размислиме и за приходите, а и распределбата на приходите на буџетот за 1993 година. На таков начин мислам дека пропуштеното во 1992 година по однос на стимулирањето на одредени дејности, вклучувајќи го и земјоделието, мислам дека ќе ја оствариме својата улога како пратеници.

Ќе се согласите дека задоцнувањето на ребалансот на буџетот без намера да ја поддржувам Владата, мислам дека беше објективно наметната оваа година. Имавме спроведување на дополнителните мерки на економската политика некаде септември - октомври и со оглед на тоа ние објективно не бевме во состојба да направиме ребаланс во време кога навистина тој ребаланс ќе значеше придонес во коригирањето на

поставената буџетска политика. Ребалансот ја има таа цел да се коригира еднаш поставената буџетска политика за една буџетска година.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не би сакал да се впуштам со мислење да дадам оценка за добронамерноста на амандманот, меѓутоа, тој практично во овој случај онака како е предложен во мене има три аргументи кои не му даваат можности да биде поддржан.

Прво, прави нарушување на буџетската рамнотежа, а со тоа и на концептот на ребалансот.

Второ, е неспроведлив и

Трето, што е најбитно претставува додатно оптоварување на концептот на буџетот. Ако овие аргументи не се такви или не се испрасвни, мислам дека веројатно секој од нас што и малку ја познаваме проблематиката ќе ни биде многу незгодно да гласаме "за" .

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во принцип ваквиот амандман кој е поднесен претходниот ден на денешната седница можеби би се прифатил само ако е во функција на донесување на буџетот за наредната 1993 година. Меѓутоа, неговото донесување односно предлагање на денешната седница не би можел да биде во функција на подобрување на земјоделието кое е многу важна гранка во севкупниот економски развој на Македонија.

Јас можам да кажам од името на Социјалистичката партија дека ние и во програмата на Социјалистичката партија сме определени и сме

предвиделе дека земјоделието како основна гранка, како перспективна гранка во РМ треба да се стимулира, бидејќи тоа во овие години доста заостаснува, а знаеме дека во рамките на РМ живее поголем број на население, да не кажам 55% од вкупната популација во Македонија. Ако така размислуваме, мислам дека ќе можеме во наредниот период преку една перспективна програма да го унапредуваме земјоделието, меѓутоа, анхок како овој амандман сега, што е предложен кој ја руши целокупната композиција на ребалансот. Иако јас како Бранко, како пратеник ребалансот го сфаќам како нешто додатно кое од прилика ги регулира односите во однос на буџетот заради тоа што настана една голема инфлација и ги наруши сите односи во севкупниот буџетски однос.

IV/1.- ДВ-ВБ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Во оваа смисла јас би го поддржал овој амандман само ако би бил во функција на Програмата односно буџетот од 1993 година и во таа смисла се залагам да донесеме еден соодветен заклучок и да кажеме дека Република Македонија во текот на 1993 година ќе обрне посебно внимание за унапредување на земјоделието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Како и за секоја точка така и за оваа почнавме да се учиме кој што сваќа . Јас минатата седница што сфаќам под толкување на закон. Сега некои ни нудат и со право толкување што значи ребаланс што значи завршна сметка. Меѓутоа, јас ќе се вратам и ќе се задржам малку на она како јас тоа го сфаќам.

Јас не ќе бев поддржувач на овој амандман ако не ми беше одговорено, кога до министерот при донесувањето на буџетот односно ребалансот упатив прашање што значат поодделни позиции и партии, а претседателот ми рече дека за тоа можам да си го прашам министерот надвор од оваа седница. Да би го ова право искористил јас нема да му гласам за ребалансот, да си го задржам правото да го прашам надвор од оваа седница. Да сум начисто дали сум погрешил или не сум погрешил.

Кога се говори дека,некој од пратениците говореа овде, штом се дава обврска на буџетот ќе треба да се најдат и приходи. Тоа е едно од оваа работа и јас се согласувам со тоа, меѓутоа ќе работиме сега, кога ги имаме овие средства нормално е да се постави прашање како тие средства се распоредуваат и тогаш кога ќе се одговори на овие две прашања, ги имаме приходите, како сме ги распоределе ако имаме еднаква и функционална распределба, тогаш се е во ред. Ако немаме тогаш не е во ред. Мојот

приговор беше што значи во раздел 9, во сите други потрошувачи на Буџетот се говори во една ставка. Вели средства за лични доходи, веднаш под него доаѓаат средства за заедничка потрошувачка. Кога направив една математичка пресметка дојдов до сознание дека средствата за заедничка потрошувачка изнесуваат некаде 2 до 2,5% од средствата за личен доход. Дека е ова вака ќе кажам:

Средства за личен доход во Министерството за одбрана 932 милиони денари, веднаш да бидат средства за заедничка потрошувачка 19,5 милиони денари. Понатаму Министерство за правосудство и управа. Средства за личен доход 340 милиони денари. Веднаш долу за заедничка потрошувачка 1.350.000 денари. Зошто министерот кога го правел овој распоред на средства не постапил и овде вака па да видиме дали навистина правилно постапил или не. Штом вака играме криенки јас сакам да кажам дека земјоделието не е криенка, земјоделието е живот. Сите оние кои се занимаваат со земјоделие и сите ние овде зависиме од производството на земјоделието и мораме да му играме со јасни карти. Затоа предлагам за овој дел да не се гласа, а амандманот да биде прифатен.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Веднаш да кажам и да апелирам до пратениците овој амандман да се прифати.

Исто така од некои пратеници беше кажано дека треба да се зафатат нови зафаќања од буџетските корисници. Јас мислам од одредени сегменти кои се корисници на Буџетот треба да се намали бидејќи се трошат доста големи пари за некои мали апаратчиња за прислушување на политичките партии бидејќи тие чинат многу. Од тој дел нека се зафати и да се даде на земјоделието. На тој начин мисла ќе се најдат средства, не требаат нови зафаќања.

IV/3.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас повторно ќе го образложам мојот повторен предлог несакајќи воопшто ништо да мислам на поднесениот амандман, бидејќи не предложив измена на Деловникот ниту пак Собранието има предлог за измена на Деловникот. Побарав само примена на одредбите од Деловникот. Затоа барам претседателот без право да го става предлогот на гласање да постапи по следното:

Член 333, ако амандманот на предлог на закон содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, претседателот на Собранието амандманот веднаш ќе му го достави и на надлежното работно тело во чиј делокруг спаѓаат прашањата на Буџетот за да го проучи влијанието врз средствата со кои се располага и можните извори за финансирање на предложените решенија и за тоа да го извести Собранието.

Член 335 став 2. За овие амандмани во член 333 Собранието на седница не може да одлучува ако по него не добил извештај од соодветниот одбор. Да не прават пратениците импровизации од кои ставки да се одзема и да се зема, барам Собранието да побара,како што тоа е утврдено во Деловникот, мислење каде може компетентно и министерот со предлагачот да разјаснат некои односи за да си даде Комисијата за буџет мислење по овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е денес даден, Комисијата можела да заседава пред седницата а не заседавала, не се произнела, не пројавила интерес. Нема смисла членови на комисија овде да даваат иницијативи а не кај претседателот пред седницата. Но да го оставиме сето тоа. Очигледно е

IV/4.-

овде се бара одлагање. Затоа, предлагам пауза од половина саат да седнете и да ја расправите оваа работа.

(По паузата).

(Со седницата продолжи да раководи Тито Петковски)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со расправа.

Отворам претрес по амандманот на раздел 22 позиција 231 конто 433 раздел 22 позиција 232 конто 433 и раздел 22 позиција 234 конто 433 поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ЏЕВДАТ ХАЈРЕДИНИ:**

По овој амандман Владата се изјасни повторно и не го при- фаќа предлогот на амандманот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали е поделен извештајот од Комисијата? (Не).

Има збор претставникот на Комисијата.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Комисијата го разгледа амандманот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и по доста обемна дискусија со аргументи не го прифати, а врз база на тоа предложи работен заклучок кој гласи: "заради обезбедување на потребните средства за поттикнување на развојот на земјоделието регресите за вештачки ѓубрива, средствата за заштита на растенијата, квалитетните сортни семиња како и за премиите на одделни земјоделски производи потребно е при спроведување на одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија за 1993 година приоритет да се даде на овие намени." Тоа беше заклучокот на Комисијата,

а тоа е и принципиелниот став на Комисијата по однос на сите предложени амандмани по ребалансот за 199 2 година, тргнувајќи пред се од фактот дека имаме само уште два дена до крајот на 1992 година, дека не сме во состојба како Собрание да предложиме зголемување на приходниот дел на Буџетот, пред се поради тоа што заради зголемување на приходниот дел треба да предложиме зголемување на постојните стапки на Буџетот, дали тоа е данокот за личен доход, дали тоа е данокот од добивка, дали е тоа данокот на промет, дали се тоа средствата од царини, сметајќи дека во овој цајтунг на време до крајот на 1992 година не сме во можност такво нешто да предложиме, а сите ќе се согласиме дека имаме одреден став да не се зголемуваат даноците и оптоварувањата како на граѓаните исто така и на претпријатијата. Тогаш констатиравме дека би требало за еден ваков амандман да има одредена, така да речам пренамена од една позиција на друга позиција. Тоа би можеле да го напра- виме во ситуација кога сме во почетокот на годината, кога сме во средината на годината, кога сме во позиција да имаме барем уште не- колку месеци до крајот на годината. Ние сето тоа го немаме. Сите овие позиции што ги имаме во Буџетот се скоро до крај извршени. Значи нема можност за прелеваше на средства од една во друга позиција. Тоа е едната работа. Второ, нема можност за зголемување на приходниот дел. Тогаш автоматски како комисија за финансирање и буџет ни остана една и единствена можност да му предложиме на ова Собрание да донесе ваков работен заклучок, предложениот амандман по земјоделието, а сигурно како и сите други амандмани што ги гледавме во претходните изминати денови да имаат приоритет при извршувањето на одлуката за времено финансирање на функциите на Републиката за 1993 година.

IV/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, од страна на службите овој предлог работен заклучок да биде умножен и поделен на пратениците.

Дали уште некој бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Јас ваквото образложение на министерот за финансии кој овде без некаква аргументација го отфрли амандманот, а исто така, неприфатливо е за мене и образложението на претседателот на Комиси- јата која пред малку овде зборуваше еве од кои причини.

Во прилог на одбрана на амандманот чувствувам за потребно да кажам и укажам дека овој Парламент овде на нас треба да ни овозможи ние да постигнеме договор за секоја ставка што се нуди овде со ребалансот. Мора на нас тоа да ни се овозможи тој договор да го направиме заеднички со Владата. Ако можеме да се договориме, тогаш ние можеме да кажеме дека овде Парламентот има јавна контрола на буџетските трошоци. Токму таа јавна контрола ние не можеме да ја обезбедиме на овој начин. Сигурно причини за зголемување на Буџетот постојат, но ние мораме добро да го прочешламе Буџетот и најпрвин да ги утврдиме условите па потоа да разговараме за приходите. Ние овде сме ставени во позиција да не можеме да зборуваме ни за расходите ни за приходите. Јас од тие причини и реков дека Буџетот претставува една фиктивна конструкција. Зошто? Затоа што ребалансот не е направен навреме. Да беше направен на време, а ние знаеме дека во таква ситуација ребаланси може да се прават и по три пати во текот на годината, затоа што со ребалансот може да се планираат буџетските ставки односно да се лоцираат корисниците, да се посочат

корисниците на буџетските средства дека тие корисници на буџетски средства имаат зголемени потреби и врз основа на тоа Владата со ребалансот да побара зголемување на расходите односно додатни буџетски средства и кога ќе се предложат тие буџетски средства со ребалансот по време кое на нас ќе ни овозможи ние по тие предложени буџетски средства да можеме да разговараме, да можеме да го користиме правото да одлучуваме колку од тие приходи ќе се користат од данокот на промет, како што овде беше посочено, колку од увозни такси, колку од даноци на лични доходи на работниците, колку од приходи на добивка, колку од такси, колку од примарната емисија на Народната банка итн. од други приходи. Кога Владата однапред тоа ќе ни го каже ние ќе можеме тогаш да расправаме како ќе ги трошиме средствата. Тогаш ќе можеме да кажеме како ќе ги распоредуваме. Тогаш ќе можеме да разговараме да извршиме ревизија на тие буџетски трошоци односно да одлучуваме во однос на корисниците и во однос на тоа како тие ќе се зголемуваат, колку ќе се зголемат за општествената дејност, колку за интервенции во стопанството итн. Бидејќи нас со ваквиот предлог тоа не ни е овозможено ние сега сме доведени во ситуација да не можеме да зборуваме за пренамена на тие средства па затоа не можеме да зборуваме ни за овој амандман. Ние навистина сме ставени во ситуација да не можеме да застанеме во одбрана на едни такви мали ставки што се предвидени за земјоделието, а тие ставки се загрижувачки. Земјоделието е доведено во една ситуација која е исклучително тешка, не само поради сушите туку и поради другите елементарни непогоди. Мислам дека тоа е доведено во ситуација да доживее еден целосен слом, а последиците ќе бидат далекусежни. Затоа јас не се согласувам да бидеме во една ваква ситуација

и да не можеме во овој момент еден ваков значаен амандман да предложиме и тој да биде усвоен. Затоа, ова е прилика ние отворено да кажеме дека Владата овде потрошила некои средства а тоа тоа го покажува и овој ребаланс, повеќе отколку што таа имала право да ги потроши. Со ова се покажува дека ние немаме една законска контрола на тие потрошени средства што сега ни се прикажуваат со овој Предлог на измените на Буџетот. Во тој случај дали ние треба да ја обвинуваме само сивата економија за тоа дека само во таа сфера се троши без законска контрола нешто надвор од она што може со закон да се контролира колку се продава и колку се купува. Испаѓа дека тука и Владата нешто трошела што не е одобрено со закон. Затоа јас не би прифатил еден ваков ребаланс што ни го нуди Владата и затоа мислам дека Владата со вакviот начин са- мата не доведува во ситуација да поддржиме еден документ кој е спротивен на залагањата дека таа треба да биде примарна во однос на тоа како треба рационално и скромно да се троши, а овде гледаме дека сите тие рационални ставки во однос на трошењето се пробиени.

Овде сме доведени во ситуација да видиме дека Државата не е во ситуација, а ова го покажува и овој документ, да спроведе рационализација во државната управа. Не е во ситуација да носи одлуки со кои ќе ја спречи инфлацијата туку напротив донесува такви одлуки за зголемување на нафтата, нафтените деривати кои се генератори на инфлацијата. Со еден збор Владата покажа дека таа ги планира расходите но тие расходи не се базирани на реални приходи.

V/1.-РД/МЛ

**ДРАГИ АРСОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Затоа јас врз основа на сите вакви посочени пропусти со овој акт доаѓам до едно сознание, а верувам дека таквото сознание не им е туѓо и на други пратеници кои што овде го изразија таквото мислење дека еден ваков ребаланс ние не можеме да прифатиме. Затоа амандманот е точно неприфатлив е ребалансот кој што токму еден таков ребаланс ни овозможува ние да го понудиме и да биде прифатен овој амандман што го нудиме. Од тие причини што реков дека доцна е сега средствата да се прерцспределуваат, затоа што тие се потрошени таму каде што, потрошени се во таа сфера во која сфера нам ни е оневозможено да разговараме, затоа што јас реков дека со закон не се покриени одделни стапки на буџетот, тоа го реков во однос на финансирањето на некои расходни стапки во буџетот, како што е на пример Младинскиот совет, финансирањето на Сојузот на здруженијата на борците, финансирањето на Сојузот на резервните воени старешини,по- натаму на седумте овде наведени научни институти итн. и од тие причини го упатувам прашањето на потпретседателот на Владата господинот Беќир Жута, кој што минатиот пат тврдеше дека за тие расходи постои законска основа. Навистина сакам тој да покаже со кој за- кон токму овие закони во буџетот се основани.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, почитувано претседателство.

Се е добро и мене ми се чини дека секогаш јас ќе почнам со ова: "таткото го тепа детето, а не треба да плаче", или пак се носи ребаланс минути до 12 и со тоа да речеме дека е завршена работата. Ако е завршена работата што се гњавиме тука. По мене Владата нема оправдување за неа за ова или за она, таа требаше/да најде ако не барем 10 до 15 дена пред- завршетокот на оваа година да се изврши ребалансот. Ја знам дека ова е

V/2.-

време промашено за носење на буџетот за 1993 година, затоа што секаде каде се носат буџети се донесени пред два-три месеца пред да влезе новата година. Да не дискутираме за тоа да ја оставиме каква е нашата ситуација, меѓутоа значи оваа вообичаена работа е наметната како и досега, секогаш ќе му ја наметнеме тогаш и нема повеќе работа. Завршена е работата и така. Тие требаше да знаат дека ќе има притисок за ребалансот. И тие што сакаат да се одбранат на овој начин дека ние бараме пари со покачување на даноци, сега или јас не ги разбирам или тие не знаат што значи тоа ребаланс. Значи оттаму да земеме, а пак истите пари да останат. Никој не рече данокот да го покачиме, ако останале ќе знаеме, а сега знаеме дека не останале, дека ги потрошиле. Меѓутоа не треба така да постапуваме постојано на ред толку години да се служиме со вакви методи. Еве да останеме на тоа како што Комисијата го донесе заклучокот за наредната година. Ја се согласувам со тоа дека така можеби ќе треба да биде, бидејќи потрошени се средствата. Дали вие не се сеќавате дека повторно ќе ги измамиме селаните, земјоделците со тоа што ние три-четири пати ги донесуваме заклучоците и закони и препораки и информации и до денеска тие не се спроведуваат и не верувам и во овој заклучок денеска тоа го прават повторно така за повторно да помине ова, и сега ајде, нема да се спроведе тоа. Ја се согласувам со тоа но ако или комисијата или Собранието даде гаранција дека како што е речено во почетокот на наредната година тоа да се реализира, а не како досега со ребалансот, со ребалансот, со законот, со информацијата и ништо досега не е направено. Еве на пример кој работи. Речено беше кога се исплатува регресот за нафта покрај ембаргото луѓето се снајдуваа со купување на нафта со поскапи цени и до ден денеска не е исплатена таа разлика во нафта за регресот а тогаш ТОЈ регрес .беше, таа нафта што ја .купуваа марката. беше тогаш 369 денари сега е над 1.100 денари. Сега јас се

V/3.-

прашувам. И, ако во наредната година овие му ги дадеме, што му даваме со тоа. Подобро да не се дава ништо,заради тоа што да не речеме дека му е дадено. Не е потребна таква работа. Дали тие средства ќе му ги дадеме со валоризација на таа вредност колку што беше нафтата, колку што чинеше марката. Значи во секој случај ние повторно ги изигруваме селаните. Исто така имаше за исплатување на разлика во цени и тие не се до денеска исплатени. Се прашувам што ќе биде со тоа исплатени. И да ги платиме ние после 12 -14 месеци, тоа значи ништо не се добива од тоа. Но подобро да речеме не исплаќаме таква работа и подобро ќе не приатат и земјоделци истите, отколку вака секогаш да ги залазуваме со вакви настани, ќе донесеме информација, заклучок итн. Ова мене ми се чини еве да не помине, како ние можеме да најдуваме огромна сума за плати за разлики на платите, а ова ми се чини илјадити дел процент на маса на пари за овие разлики не можеме да најдеме, за оваа огромна маса на пари за разлика се најдуваат. Дали не правиме една дискриминација производител и оние што работат во општествените дејности да се исплаќа. Затоа јас велам дека ако би требало за наредна година, тоа да се прифати како заклучок да биде со тврда гаранција на Собранието или Владата кој треба да рече дека уште со почетокот на 1993 година, како Новогодишен подарок ќе го исплатиме ова на земјоделците, што не е исплатено.

**ЏЕЛАИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, ние овде пред малку го чувме заклучокот на Комисијата за буџет исто така добивме и во писмена форма извештај од таа Комисија и сметам дека исто така и мислењето на Владата по однос на овој амандман. Лично мислам дека барањето на овој амандман се оправдани, меѓутоа, исто како што заклучила и Комисијата поради проблемите што се јавуваат на овој план во однос на ограничувањето на средствата нема

V/4.-

можност со овој ребаланс да интервенираме на тој план. Мислам дека кога ги имаме сите три сегменти предвид не ни преостанува ништо друго, туку да го дадеме амандманот на гласање и да продолжиме со работа, бидејќи како почнавме досега, барем по мене немаме продуктивна работа по однос на оваа точка. Сметам дека заклучоците на Комисијата с е доста реални и ние денеска не расправаме за нов буџет, односно за буџет за 1993 година, туку расправаме за еден е ребаланс кој што во доста добар однос и Комисијата на овој амандман, односно на проблемите на земјоделството му посветила внимание, така да нема никакво страхување дека кога ќе имаме расправа за буџетот за 1993 година, овие забелешки што ги кажа и претходниот дискутант и заклучокот на Комисијата која е наведена во извештајот, мислам дека и те како заслужува внимание да влезат во буџетот за 1993 година.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (28)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 22 позиција 231 конто 433 раздел 22 позиција 232 конто 433 и раздел 22 позиција 234 конто 433, поднесен од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Молам кој бара збор?

V/5.-

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Усвоениот амандман од страна на Собранието на предлог на Комисијата за здравство, предизвика зголемување на вкупниот обем на расходите на буџетот. Владата кога го проектираше предлогот на ребалансот појде од актите што ги донесе Собранието, при усвојувањето на одлуката за дополнителните мерки на економската политика за 1992 година во месец септември октомври.

Со оглед на тоа дека настанува нова ситуација, Владата е потребно да се изјасни околу ново настанатата ситуација, затоа што можност е предлагачот на амандманот да не предложи намалување на било која позиција на предложениот ребаланс, Владата се соочува со фактот дека ребалансот го предлага на дневен ред на Собрание, стигна сега на 2 9 декември, чии се заслугите за тоа мислам дека нема потреба да зборувам, само да кажам дека не неколку дена пред да беше туку пред Собранието предлогот на ребалансот на буџетот е од 27 ноември. Значи не 15 дена, изминаа и повеќе од 30 дена кога одделните позиции на буџетот, не биле како што сега тврдиме исцрпени и кога имало можност евентуално и простор да се извршат пренамени.

Сега околу Собранието. И предлагачот на усвоениот амандман соочен со ситуацијата која сите сакавме и бевме многу радознали што ќе се случи, а тоа еве се случи со нови моменти, а и Владата соочена со наведените факти дека овде и по повод повеќе амандмани се зборуваше Владата да изнајде средства, сакам да кажам еднаш прецизно и јасно. Владата со постојниот Устав на Македонија и не смее да изнајде средства. Средствата се знае како се изнаоѓаат. Владата постојните остварени средства во оваа држава предлага на определен начин да ги користи за задоволување на јавните потреби. Сите позиции од приходите базираат н закони донесени од ова Собрание. Сите позиции од расходите базираат на

соодветни прописи како видови позиции, како износ и се усвојуваат од ова Собрание. Само во рамките кои исто така со свои акти ги утврдува ова Собрание. Вон од ова и кога би се дало право на Владата не би било добро. Нема во позициите на буџетот ниеден црн фонд. Тврдиме најодговорно. Ако некој инсистира на постоење и на оваа држава и овој Парламент има можности исто така"да го утврди, ако не верува на својата Влада. Според тоа, да не должам околу образложението за земјоделството, за здравството, а нешто реков за образованието, ќе ги има предвид Владата сугестиите дадени за интервенции во земјоделството, меѓутоа, сакам уште денеска да ви кажам дека Владата е соочена и со позицијата на други гранки кои исто така без нивна вина поради фактот што територијата на оваа држава е најдена тука каде што е географски, градежништвото, текстилната индустрија каде имаме огромен број на работници ориентирани во тие две гранки, исто така дошле во тешка ситуација и ниедна Влада па и оваа нема никогаш да пред- ложи тие градежници кои не можат да ги наплатуваат своите побарувања за извршени работи во странство и во земјата, од познати причини да ги товари уште со даноци. Бројни се основите според кои интервенциите во земјоделството. Тие се десетина. Десетина се земјоделските производи кои оваа држава ги по разни основи , почнувајќи од регресирањето, за каматите , за кредитите од примарната и друга емисија, од семето, житото, брашното, лебот во сите фази од процесот на еден ист производ донесени се прописи и измислени изрази, изрази од еден друг систем, регреси, премии, компензации, бенефиции итн., заштитни цени,откуп- ни цени кои сите значат на еден начин товарање на другото стопанство. Наскоро Владата пред да дојде со предлогот на буџетот за 1993 година, ќе дојде со предлог на мерки на економската политика за 1993 година, каде сите овие расправи што денеска ги чувме и пред некој ден овде,  имаме можност овој парламент да ги утврди, но во

моментот не изолирано кога се расправа за ребалансот оваа позиција да ја зголемиме туку во позиција кога ќе ги имам предвид сите потреби, ќе ги имаме предвид и интересите на оние од кои треба да се зема, а не само интересите на оние кои што бараат да земат. Кога овој Парламент ќе биде одраз на тие два економски интереса, одлуките што ќе произлезат оттаму, таа Влада ќе ги спроведе. За ова другото јас не се мешам, јас сум член на Влада, не забележав кој се овде за кој цели и мотиви зборувал. И тие мотиви ги почитувам. меѓутоа не е денеска време за оваа расправа. 27 е овде, причините пред тоа ако се враќаме назад, буџетот како дојде до тоа многу пратеници овде ги изнесоа, јас можам овде да ги повторам со поубедливи факти, само сепак мислам дека не е потребно денеска тоа. Затоа да заклучам дека е потребно за да усвоениот амандман биде праведлив, сега сме соочени со оваа ситуација во оваа ситуација да биде неспроведлив. Фактички ако цени- ме дека од овој Парламент е усвоен, се создава нова ситуација за која Владата треба да одржи седница и да предложи евентуално нов амандман на новиот износ на средства, или со назнака имајќи ги предвид фактите што ги изнесов, повторно да предложи амандман дека буџетот изнесува 217,8 милијарди денари, од причини што ви ги изнесов.

VI/1 НН/ЛБ

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Бидејќи се расправа по текстот на предлогот на ребалансот на буџетот би го запрашал ресорниот министер да ми даде одговор на страница 9, позиција 128 и 129, а контото и на другото е напишано под реден број 461, се работи по 30 илјади милиони денари за финансирање на политички партии и организации од општествен интерес. Ме интересира дали има финансирано политички партии, ако има по колку пари се доделени и на кои политички партии? Истото важи и за општествените организации.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Јас не го слушнав предлогот на Владата по однос на усвоениот амандман. Што е предлогот на Владата?

**БЕКИР ЖУТА :**

Почитувани пратеници. Мислам дека кога специфицирале сите проблеми и секој за себе би ги издвоиле секој има своја специфична тежина. Меѓутоа мислам дека Владата, а и овој Парламент треба сите проблеми да ги постави на маса, на сите да им најде соодветно место, а сите во рамките на материјалните можности. Ова што се случи денеска во Собранието со амандманот на Комисијата за здравство, ве молам имајте предвид и покрај укажувањата кои беа дадени дека тој нема материјално покритие за да биде остварлив во приходите што ќе се остваруваат во 1993 година, а од 1993 година не делат уште два три дена. Ве молам имајте го тоа предвид и мислам дека можеме и треба да бидеме рационални во одлучувањето, да предлагаме такви сугестии и за такви проблеми за кои цениме дека се сериозни да ги лоцираме во оној временски период кога можеме да им обезбедиме материјално покритие, а не да се заинатиме и само на тој начин да ги тераме.

VI/2

Затоа јас ги молам пратеници подносители да оценат дали е остварлив тој амандман, или го доведува во прашање буџетот па да се усвои. Ние цениме дека тој не може да биде остварлив не затоа што нема своја специфична тежина, туку во овој момент не може да биде остварлив затоа што има недостиг на средства за покритие и нереално да се инсистира на таквиот амандман, затоа што доведува до буџетска нерамнотежа која има одредени последици. Вас ви се познати последиците во тој поглед, да не може Собранието да изгласа буџет неурамнотежен, па следствено на тоа предлагам амандман од Владата на Собраннието.

Текстот на буџетот кој гласи: “218,8 милијарди денари”, е писмен амандман на Владата и по него да се произнесе Собранието.

**ГОРГИ ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Господинот министер за финансии истакна дека уште во ноември месец ребалансот на буџетот бил доставен. Дали бил доставен во процедура овде во Собранието...

**БЕКИР ЖУТА:**

Уште во јуни месец оваа година бил доставен.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Јас ништо не ви спорев господине потпретседателе, ништо не ви спорев, оставете ме да се искажам. Ако некој во ова Собрание треба да сноси одговорност, или од оваа Влада треба еднаш да се знае кој е виновникот и кој не ја спроведува онаа процедура што е законска во Парламентот. Ние имавме и стара Влада. И тогаш беше истакнато дека повеќе закони се доставени до Собранието, а во Собранието не доаѓаат на дневен ред. Иста ситуација имаме и сега. Ние не можеме постојано да бараме надвор од овој Парламент, надвор од извршната власт виновници. Еднаш да пресечеме и да почнеме да работиме како луѓе. Ако беше во ноември месец овој ребаланс на буџетот автоматски ние ќе можевме со

одредени работи да бидеме поеластични, пофлексибилни и да ги поместиме работите па да можат и самите министри во Владата да донесат поинакви решенија. Меѓутоа, ние сме сега на самиот ѕид потпрени, немаме отстапување. Се ми се чини, дека цела политика и сето она што се случува во Македонија го носиме дотука да се потпреме на ѕидот и отстапки нема . Така беше и со името, така беше и со многу други работи во овој Парламент. Затоа не треба да се лутите господа. Не треба да се лутите затоа што навистина еднаш кажете ако вие сте го доставиле, изјаснете се дека ова Собрание или претседателот на Собранието не го ставил на дневен ред. Да видиме кој е виновникот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници. Јас ни од излагањата на министерот за финансии, ни од излагањето на господин Бекир Жута не добив одговор, а тоа господинот Бекир Жута и минатиот пат од оваа говорница го кажа дека расходниот дел во буџетот се утврдува со закон односно сите расходни делови се утврдени со закон.

Јас прашувам и не добив одговор со кој закон се покриени расходните стапки во разделите 56, 57 и 58 . Со кој закон имаат покритие седумте научни институти внесени во законот односно предлогот на ребалансот на буџетот за 1992 година? Дали и министерот и господинот потпретседател Бекир Жута го почитуваат законот за општествените организации и здруженија на граѓаните, "Службен весник на СРМ" број 13/1990 година според кој не се предвидува во буџетот да се користат буџетски средства за овие раздели што вие сте ги внеле во буџетот. Тоа се разделите 56, 57 и 58. Барам одговор. Кажете ми го кој закон предвидува обезбедување на овие буџетски средства.

**БЕКИР ЖУТА:**

Со оглед дека господинот Арсов инсистира на два пати, а јас на првиот дел на оваа седница мислам дека се осврнав на тој дел, но ако тој смета дека за секоја позиција во расходниот дел треба да има посебен

закон и дека во тој посебен закон за секоја позиција треба да има и квантификација а овде само да се укалупи во буџетот тогаш погрешна е претпоставката. Меѓутоа, токму тие раздели кој тие ги насечува 56, 57 и 58, тие беа предмет на расправа уште кога се носеше буџетот во почетокот на оваа година, некаде во март месец, кога имаше меѓу редовите на пратениците присталици дека како корисници на буџетот тие категории треба да се јават. А, дали ќе останат, тогаш Собранието одлучи да останат корисници и извршната власт мора да обезбеди средства за извршување на нивната функција. Оној ден, но не на средината, или на крајот на годината, туку на почетокот на 199 3 година кога ќе се предлага нацртот на буџетот за 199 3 година во неговите фази, а она што ќе одлучи Собранието дека како корисници нема да фигурираат тоа нема да биде билансирано во билансите на буџетот И обратно. Она што ќе заклучи Собранието дека треба да биде во редот на корисниците тоа ќе го билансира Владата и ќе го предложи со таков биланс на приходи и расходи буџетот. така да за тие 3 позиции, за кои го актуализирате прашањето одлуката е донесена тогаш кога се носеше буџетот, а не сега ребалансот кога се прави. Сега се одмеруваат трошоците за да може да ги покрие секој корисник на средствата во овие услови и со оваа инфлација, како и на секој според потребите да може да му се одмерат, а никому доволно не му се дава со овој предлог на ребаланс, па и на нив не им се дава доволно, меѓутоа не се конституираат како потрошувачи сега со ребалансот. Тие се конституирани во почетокот на годината како потрошувачи и се следат до крајот на 1992 година. А, за 1993 година ќе добиете предлог, ќе се произнесете и за она што ќе застане Собранието да нема корисник и не може да биде корисник нема да биде билансирано. Ве молам, јас незнам зошто создаваме непотребни проблеми.

VI/5

Со ребалансот не се утврдуваат нови корисници и во ниедна позиција не можете да најдете нов корисник од она што е во регистарот на корисниците на буџетот за 1992 година, усвоено во март месец од ова Собрание. Во ова сега се димензионираат само потребите согласно движењата во меѓувреме што се случија. Но, кога веќе сум тука да ви го кажам и следното.

Ребалансот беше депониран уште во јули, ако не се лажам во Собранието. Новата Влада имаше обврска како и сите други текстови на закони и други материјали кои беа презентирани од стариот состав на Владата да ги земе на разгледување и да се определи за нив дали останува дали остануваат во постапка, или пак ги враќа за да ги дотера. Со оглед дека во меѓувреме кај буџетската потрошувачка се случија промени кои не се совпаѓаат со предложениот ребаланс, затоа што не се разгледуваше тој благовремено Владата оцени дека треба да го повлечи и да изработи нов ребаланс кој ќе одговара на новите состојби. Следствено на тоа се случи ова што се случува.

Инаку, сигурно дека во вакви движења, со ваква инфлација без два три ребаланса, сигурно и природно е дека треба да оди, затоа што и какво програмирање да е не се остварува во услови понудени на пазарот.

Така да, уште еднаш да коментирам, аспектот на позициите 56, 57 и 58, тие се конституирани со буџетот за 1992 година, не се конституираат со овој ребаланс со него како и за сите друг позиции во расходниот дел се одмерува уште колку треба да им се допушти да трошат за да ја извршуваат функцијата своја. За 1993 година отом потом.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине потпретседателе мислам дека сите овде јасно ве разбравме, па и јас, вие рековте со овој ребаланс не се конституираат нови корисници на буџетски средства, а на страница 10 во образложението на

истиот документ што вие го предлагате стои: "Во ребалансот на буџетот се предлага да се обезбедат средства како учество на Републиката во финансирањето на уште седум научни институти". Така стои овде и овде се поместени. Ова е нешто друго од она што вие го зборувате. Од каде сега во буџетот средства за тие институти и со кој вакум вие вакви средства обезбедувате во буџетот. Тоа е една работа.

Исто така во овој буџет стои во разделот 45 финансирање на научно истражувачка дејност". Овде се јавува милијарда и четири- стотини и педесет. И овде научно истражувачка дејност, и овде средства. Јас незнам сега кои средства се користат овде за седумте научни институти исто така со иста намена. Навистина овде некои работи не се во ред. Се јавуваат на две места кои што се сосема спротивни. Дали тие научни институти не користат средства за научна истражувачка дејност? По кој основ сега тие користат средства, а по кој основ се потрошени овие средства овде за научно истражувачка дејност од 1.450 милиони. Овие работи навистина не се споиви една со друго.

**БЕКИР ЖУТА:**

Да, заклучно со ноември месец седумте институции беа во рамките на Министерството за наука и средствата беа билансирани.

Ништо не се ново туку физички се издвоени од Министерството за наука издвоени како седум институции, а не и како нови потрошувачи. Сигурно не мислите дека Институтот за национална историја во декември го формираме и сега треба да убедувам за тоа. Од рамките на Министерството за наука тие се префрлуваат како одделни институции да бидат третирани во делот за лични доходи и за оној дел на средства, колку што се предвидени за тие институции толку е помал делот за научно истражувачка дејност поради физичкото одделување нивно. Инаку, ако беа тие таму сите средства ќе беа во таа позиција за научно истражувачка дејност. Така да не се работи за никакви нови институции за никаква нова потрошувачка постојна, единствено се разместуваат од министерството за наука на посебни институции.

VII/1/СС/лј

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Незнам дали јас не разбирам дали министерот не ме увери се говори за финансирање на нови седум институти. Треба да се финансираат нови 7. Ќе ми беше логично ако стоеше во образложението дека поради издвоеност на овие институти да се добијат две позиции. Меѓутоа да има нови институции, да има две позиции, не се споиви. Тоа не го разбирам. Како министерот тоа ќе го објасни да ми биде мене поблиску појасно, не можам да сфатам, нека се обиде по втор пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи во овој дел од претресот по Законот е можно деловнуички да се поднесуваат амандмани, но тие мора да бидат во писмена форма. Потпретседателот на Владата овде предложи амандман. Јас молам тогаш една кратка пауза за д се даде во писмена форма до сите пратеници.

**БЕКИР ЖУТА:**

Господинот потпретседател, почитувани пратеници, Писмениот амандман на Владата е пред вас. Тоа е самиот Предлог на буџет. Јас не го преиначив во ниту една друга форма, туку реков Владата поднесува амандман и приходниот и расходниот дел на буџетот да изнесуваат 217,8 и на едната и на другата страна. Тука поголем писмен амандман од тој што го имате пред вас, сметам дека не е потребен.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, по оваа проблематика навистина дискутираме веќе долго време. Меѓутоа нешто што одамна ме мачи изгледа ќе мора да се каже.

VII/2.-

Овде беше речено - Јас ве молам ребалансот на буџетот да биде прифатен во таква форма каква што е предложен, односно од страна на потпретседателот. Тоа беше речено и во многу дискусии. Меѓутоа, она што мислам дека овој парламент, односно ние како пратеници треба да го кажеме е дека не може во ниту еден случај да се занемарува и дискредитира функцијата на овој парламент што законски и уставно ја има. Тоа е прирeбалансот да врши преструктуирање на средствата што се внатре или зголемуваше и намалување на одреден обем на средства.

Мислам дека некој, со самото тоа што овој ребаланс се носи на крајот на годината и што тие средства се потрошени, некој тоа право на овој Парламент му го ускратува, а ние не смееме да се согласиме со таква една состојба. Мислам дека секој еден законски проект или било која друга форма што од Владата се нуди на усвојување и на која што не може, ако не помине во определен рок, тогаш ќе се наредат етикети дека Парламентот не чини, мислам дека треба да се престане со таа пракса затоа што нас народот не одбра да дискутираме во било кој временски рок, да донесуваме одлуки, а не тие да бидат во минува до 12 и ако не бидат донесени како такви парламентот вечито да се прогласува за виновен.

Според тоа, најостро протестирам и според времето кога е предложен и според одредени дискусии што овде беа речени - па, средствата се потрошени, тој ребаланс мора да оди таков каков што е.

**БЕКИР ЖУТА:**

Кој како се чувствува, тоа е негова работа. А, како треба да се однесува тоа е на сите нас.

Да ве потсетам, износот од 217,8 го имате во документацијата што ја усвоивте за дополнителните мерки за Антиинфлационата програма уште во октомври оваа година. Буџетот уште тогаш го определивте на 217,8 во

VII/3.-

Документацијата. И, не можете на 31.декември и не е ред на 31 декември тој да се поместува лево десно, особено ако не може да се најде материјално покритие за него. Молам, тоа да се има предвид, затоа што ова собрание тоа го утврди дента кога ги утврди Дополнителните мерки.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам уште еднаш да укажам дека не усвојуваме завршна сметка за спроведување на буџетот за 1992 година туку ребаланс на буџетот . Меѓутоа, што се однесува до последната интервенција на потпретседателот, со амандманска промена на одделни позиции во ребалансот, сакам да укажам дека со усвојувањето на амандманот на Комисијата за здравство не се изврши промена на ставките на вкупните приходи и расходи. Позициите останаа исти.217 милијарди и осумсто милиона денари. Се промени само разделот 29, позиција 366, конто 456. И, бидејќи амандманот што го усвои ова Собрание стана составен дел на Предлогот на ребалансот, единствено може, за да биде во согласност со деловникот, Владата да предложи амандман со кои разделот 29 позицијата 366 контото 456, износот 1 милијарда денари се заменува со износот 538 милиони денари, а вкупниот износ од милијарда 206 милиони и 148 денари се заменува со бројката 744 милиони 148 денари. И, вкупно раздел 29 од позициите 348 до 366 од милијарда 440 милиони 513 илјади денари се заменува со износот 983 милиони 113 илјади денари, за да може повторно со повторно гласање на амандманот на Владата да ги вратиме истите износи на позицијата како што беше во предлогот на ребалансот предложен од Владата.

Бидејќи амандманот стана составен дел на текстот, единствено во таква форма може да се дозволи Владата, ако сака да интервенира со амандман за да се врати истиот износ на позициите што беше предложено,

во спротивно нема право никаков друг амандман, како што беше кажано и од потпретседателот, за да се коригира износот на вкупните приходи и расходи.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во моето излагаше го изнесов ова, ако ме сфативте во која ситуација ќе се најдеме. Јас објаснив дека ќе се најдеме во оваа ситуација, дека Владата,поради актите на ова Собрание е соочена со една интересна ситуација и реков токму ова дека Владата ќе мора да се со- очи со фактот дека вкупниот обем на расходите е зголемен, дека приходите се помали и тие се утврдени од ова Собрание и ќе мора Владата да предложи амандман во една таква нова ситуација. Јас тоа го предложи; во моето излагање. Јас не гледам друго решение.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Зошто во еден дел се согласувам со господин Арсовски за излагање. Господа, на страница 8, во разделот 41, средства во министерство за финансии позиција 418 - трошоци за издавање , продажба и исплата на обврзници. Не ни кажува предлагачот на Буџетот односно на ребалансот кога и каде овие средства се потрошени. Да видиме, ова се средства за идни обврзници што треба со продажба на станови, така барем претставникот појасни, тоа се 3,5 милијарди. Ако продадеме станови за 3 милијарди, за 3,5 милијарди треба да спремиме трошоци во буџетот. Сега ова ќе мора да се објасни.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Сметам дека со последниот став на Владата по однос на прифаќањето на веќе усвоениот амандман, влегуваме веќе во една расправа која што во овој момент треба да ја преоцени и досегашната расправа. Дали воопшто имаш потреба и да расправаме овие два дена по однос на ребалансот на буџетот, ако веќе е

став на Владата дека тој износ од 217 милијарди денари не може да се менува.

Второ, сите ставки, раздели и во изворните приходи и во расходите се базираат на претпоставки. Годината не ни е завршена. Ние планираме по однос на одредени законски прописи што ги имаме во делот на изворните приходи, колку приходи би се оствариле и во рамките на таквите претпоставки се планираат и расходите. Оттука, сметам дека не е упатно барањето на Владата да не може во овој момент на овие претпоставки, што јас ценам дека не можат да се остварат, не само овие 450 милиони, туку ценам дека многу други расходи ќе се пренесат во 1993 година, мислам дека треба да се прифати оваа корекција, амандманот да се вгради внатре и во рамките на така билансирани расходи сигурно да се билансираат приходите и со толку да се измени вкупната, односно активата и сигурно да се обезбеди расход односно да се обезбеди во активата приход за расходот што го усвои Собранието.

Доколку продолжиме натаму да расправаме на овој начин, како што и потпретседателот па и министерот за финансии веќе ја отворија расправата, тогаш ќе отвориме една друга расправа на вкупните ставки воопшто, дали овие ставки до динар вака, како се билансирани би се остварувале. Ценам дека тоа не може никој да го потврди, бидејќи тие се изведени на база на претпоставки што сега ги имаме за изворните приходи, а исто така и расходите се базираат на одредени претпоставки.

Денеска немаме сознание што се се изменило во овие два месеци. Колку лица има отидено или дојдено за на одреден начин точно да се билансираат и одредени расходи само за личните доходи. А, сигурно дека

и на одредени расходи што се во материјалниот дел. Оттука, сметам дека Владата треба да го прифати вака како е предложено и исто така усвоениот амандман , а во рамките на така билансираните средства да изврши корекција и во активата и во пасивата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво, една напрецизност од господинот. Господинот потпретседател и јас не отворивме расправа. Расправата ја отвори претседавачот на Собранието а ние бевме повикани да учествуваме во расправата и тоа не толку колку што сме биле повикани, директно, туку сме оцениле да излеземе во оптимален број пати и да бидеме рационални. Според тоа, повод за оваа расправа не е дека потпретседателот и јас сме отвориле расправа. Тоа е многу важно. Друго е кога ние отвораме, но ние немаме право да отвориме расправа во Парламентот.

Второ, овој предлог води кон нешто друго, овие средства потребни за здравство да бидат покриени во јануари. Ние се согласуваме со тоа. Овде се работи сега, такво е книговодството, тука немојте да ни забележите нам, книговодителите, тоа може да се оствари. Владата прифаќа овој износ што е предмет на овој усвоен амандман да има приоритет и да биде исплатен во текот на јануари. Меѓутоа, тој ќе биде составен дел на расходите од буџетот од Одлуката за привремено финансираше. Ова мора така да се изведе затоа што било кое друго менување на вкупниот обем доведува до оваа ситуација за која јас не сакам да повторувам , бидејќи се тоа акти на ова Собрание. Според тоа, сугестијата ја прифаќаме, меѓутоа може да се операционализира само така. Јас три пати реков, амандманот е од формално правни причини неспроведлив. Никој заради тоа овде не смее да се чувствува навредне, ниту Собранието, ниту поединците.

Според тоа, прифаќаме тоа да има приоритет и да биде исплатено. Меѓутоа, ако се инсистира дека мора да биде во рамките на 217,8 тука предизвикува големи проблеми и на седници и на Влада и амандмани и повторни расправи итн.

Другото прашање, околу позициите на буџетот. Како пратениците, бидејќи има околу 400 и повеќе позиции, образложението не ги објаснува сите една по една, сигурно е право на пратеникот, од знаење, од незнаење да инсистира секогаш како ќе му текне таму и да излезе за ова, за она да се објасни. Од таа категорија настапија и овие за заемот, за обврзниците на граѓаните.

Кога реков дека сите позиции од расходите базираат на закон, кој не верува, тоа е негов проблем. Тој има исто право, како пратеник, како собрание што е највисоко законодавен орган тоа мое тврдење да го демантира.

Овој парламент донесе закон за распишувале на заем за изградба на клиничкиот центар. Нашиот народ е, како што знаете во тешка економска ситуација. Замислениот заем не беше распишан, не беа откупени сите обврзници, туку само 42%. Меѓутоа, овој Парламент се обврза, бидејќи донесе закон, тоа да го оствари. Според тоа, разли- ката од 58% треба да се покрие, бидејќи овој парламент на тоа не обврзува.

Зошто ова го потенцирам? Може понатаму, бидејќи се 400 и повеќе ставки, ако не ми верувате на збор дека работиме закон- ски, да барате сите 400 ставки да ги објасниме која на кој закон е и зошто е направено. Јас верувам дека на голем број пратеници, од објективни причини, бидејќи сите вие не сте ни книговодители ни економисти, ни ништо, дека не им се јасни грото. Но, овој ребаланс не е дојден овде случајно. Уште првиот ден, мислејќи дека сум разбран, изнесов како почнува да се утврдуваат

позициите, износите. Ја изнесов постапката. Колку трае, кој се учествува. Учествуваат и сите пратеници и во разни форми. И како пратеници и после на комисиите на Влада, на Влада, на комисии на собрание и доаѓа овде. Ако кога завршува една таква фаза се се доведува во прашање, нешто мора да се замисли тој што тоа го прави.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За причините, да, за уверување не. Зошто? Јас го немам случајно овде кај мене усвоениот односно преложениот буџет за 1992 година. Да видиме кога е тој закон за рас- пишување на заем, кога се печатени обврзниците, кога се платени и зошто со овој ребаланс сега добива таква голема сума.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (**продолжение)

Овде ви е еднаш не уверувате дека ова е веќе свршено и потрошено, треба да го потврдиме. Друкпат викате имаме обврски по закони. Ако е точно и едно и друго зошто не ми дадовте ова е реализирано, ова е обврска по закон, ова е за идеја.

Дозволете, велите ќе земеме, ова да го спроведеме во наредната година. Па, господине министре, за наредната година предлагате закон и земате приходите да бидат од последното тромесечие и дали тогаш ќе имате можност со времено финансирање овие ветувања што овде ги давате да ги покриете надвор од тие трошкови. Ова е драстично зголемување. Се работи за половина милијарда денари кај амандманот што се усвои кај здравството. А таму таква потрошувачка по предложениот закон што сега го нудите и што оди веднаш по ова, таква позиција не можете да обезбедите. Вие имате глобала, а сега имате реална работа што треба да ја извршите. И ако одиме по зборот на министерот дека имаме законски обврски од каде министерот сега во предложената потрошувачка во првото тромесечие ќе ги најде овие пари. И затоа ве молам, дајте ми сознание кога овие обврзници се печатени, кога се платени и кога се потрошени. Дали ќе можете, зошто ова го прашувам, дали некој ќе може да пристапи кон продажба на обврзници ако ги нема печатено. Тие мора да се испечатат и тогаш да се пуштат во промет.

Второ, генерално да ми се одговори дали имало потреба овде во поглед на излагањето на министерот да ни се даде компаративна работа толку беше планирано со Буџетот за таа партија, толку се зголемува со ребалансот. Да видиме по секоја позиција и партија како дошло, што дошло, каде било ќе имаме едно глобално упатување ќе видиме дали се работи за инфлаторниот елемент или се работи нешто што господинот Крстевски го

нема тука, употреби еден лош термин црн фонд, јас за тоа, во државен буџет, не би сакал да правам црни фондови, тоа би се работело за непријатна работа. Тоа е според мене, други можат да говорат. Тоа е вториот дел.

Трето, пак да се вратам дали ќе може да ни одговори еднаш,трипати досега го прашувам министерот зошто во планирање на расходите во поодделни партии говори одделно за лични доходи, одделно заедничка потрошувачка, а само во еден раздел 9 таму говори заедно и едното и другото, а тој дел е најголем и се работи за 16,5 милијарди денари. (Реакција на некои од пратеници во салата) Не, да прочитам уште еднаш да не сум во грешка, 16 милиајрди денари се. Тоа се работи кај Министерството за внатрешни работи, господа, таму единствениот елемент на конструкција на расходите. Ова се три елементи кои треба да ни дадат одговор дали ќе го усвоиме овој ребаланс или не и дали оној што го предлага ќе треба да се замисли што треба понатаму да работи.

**ЏЕВДЕД ХАЈРЕДИНИ:**

На неколку прашања повеќе пати е одговорено. На 2 7 ноември ребалансот е испратен од страна на Владата до Собранието. Според тоа, тогаш не биле сите сосема завршени. Тогаш можело да се интервенира и тоа е многу битно. Сега тврдиме дека тоа не е можно. Сега, на 29 тврдиме затоа што се потрошени. Кога ребалансот е испратен до Собранието, од Владата утврден тогаш не биле сите позиции завршени. Сега се сите позиции завршени. Тогаш можело да се врши премамена од една во друга позиција. Тоа е одговорот.

Околу техниката на Клиничкиот центар, кога, како, што може и тоа ќе го утврдиме како пратеничко прашање ќе одговориме детално, меѓутоа тргнувајќи од закони, сметајќи дека ова е држава и има закони склучени се

договори, градежниците извршиле работи на Клиничкиот центар независно од тоа што ние сите, овој Парламент мислел дека народот одма ќе ги даде парите, ќе откупи, работите се извршени, на градежниците треба да им се плати износот. Тие ги бараат парите, тоа е облигационен однос, а бидејќи имаме законска обврска тоа да го платиме ние го плаќаме. Против законите ли работиме. Тоа е второ,

Трето, барам една коректност тоа што сум рекол да се памти, а не повторно истото да се повторува.

На партиите ниеден динар не е исплатен заради тоа што ова Собрание не носи закон за финансирање на партиите и немаме акт, нели ви реков дека работиме врз база на закон, немаме закон за да можеме тоа да го извршиме.

Позициите за внатрешни ви реков се искажуваат согласно прописите. Има разни прописи во оваа држава и за одбрана и за Министерството за внатрешни работи и за здравство и за сите. Во тие прописи има разни обврски па меѓу другото и за начинот на прикажување на јавните расходи. Ве молам, она што рече потпретседателот зошто толку расправа за ребалансот кога ви кажавме и пак повторуваме дека ребалансот е само менување поради познатите причини на постојните износи, на постојните позиции. И оваа Владата навистина немала при- чини, а во наредниот буџет кога ќе го предложиме повторно ќе бидат предмет на расправа структурата на позициите на буџетот. Ако се инсистира се тоа денеска да се реши, ние цениме дека не е целисходно

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На господата што прашува што е ова, ние не сакаме да прифатиме игра на Владата, ние сме опозиција на таа Влада.

VIII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте да им одговарате господине Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И според тоа не сакаме да ја поддржуваме. Зошто? Еве господинот министер сакаше да не увери дека позицијата 418 раздел 12 трошоци за издавање и продажба на обврзници било палтено и обезбедено средства на градежниците. Градежниците господине министре не прават обврзници. Тие прават згради. Мешаат малтер, прават цигли. Нив тоа треба да им се плати. Јас за тоа немам против. Ова е спремено овде да се плати за печатење на обврзници. (Реакција на пратениците во салата) Дозволете, во што е работата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, молам за трпение.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете ако сега, јас не сум економиста, тоа го тврдам, меѓутоа едно е обврска, а обврзница е хартија од вредност која се продава. И, господинов овдека пишува печатење на обврзници кои се продаваат, а не за друго. И, јас ве прашувам како ќе можете вие да платите со издавање на обврзници кои се плаќаат. Вие треба да ги продавате тие обврзници. Значи ги наплатувате. И во оваа смисла обврската на градежниците треба да стои према центарот. Во ред е, нека Владата, нека Собранието донесе одлука да се плати неизградениот дел, односно изградениот дел затоа што нема во Фондот за здравство нема средства, ќе ги платиме од резерва. Но, некој мене да ме убедува да прави хартии за продажба па да плаќа работа тоа би било анахрона работа.

VIII/5.-

Понатаму министерот говореше за исплата на некои средства за политички партии, а ќе беше фер да спомне на кои партии се тие средства исплатени. Дозволете, пратеничко прашање е кога не е нешто предмет на расправа, а сега овој буџет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не разговарајте со пратениците, ве молам.

Не на некој не му е јасно , па го боли таа работа. И, што расправаме. Да направиме разлика господо помеѓу пратеничко прашање и предмет на расправа. Ако овој буџет не помине овде знаете ли што ќе биде пратеничко прашање, дали Владата ќе треба и понатаму да остане или не.

**ПЕТАР ГОРЃИЕВ:**

Сметам за потребно повторно да го кажам она што претходно го кажав малку да го образложам. Понудениот ребаланс на буџетот од 217.800 се базира на изворните приходи кои што се на втора страна и не гледам проблем да се вгради во изворните приходи усвоениот амандман од 460 милиони денари. Со вградувањето веќе активата на буџетот или изворните приходи ќе дојдат 218 милијарди и 260 милиони денари. (Коментар на некои пратеници од место)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте, воздржете се .

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

И не може никој да ме убеди во тоа дека тие можат или не можат да се остварат поради тоа што сите квантификации да појдеме на најголемата ставка на разделот или контото 73 приходи од даноци на промет кои што се квантифицирани врз основа на некои остварувања од претходните месеци.

VIII/6.-

И сега е квантифицирано 95 милијарди денари. Толку се утврдило. Дали сега ќе биде 95 и 400 или испод 95 не може денеска никој да го потврди тоа. И оттука јас не гледам дека не може во изворните приходи да се вградат и 460 милиона денари на она што веќе го усвоивме како амандман. А, Владата може и понатаму да остане, а за тоа ние ќе се изјасниме дали и понатаму, Владата кажа дека си останува, на понудениот буџет во висина од 217 и 800 милиона денари. Сметам дека треба ние да се изјасниме за она што сега го имаме како предлог, а тоа е со амандманот што го предлага Собранието и со предлогот на Владата и од тоа изјаснување ќе произлезе обврската за натамошно спроведување на буџетот заедно со ребалансот и не гледам друго решение.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

ПО се изгледа дека тука не само да станува збор односно недоразбирање помеѓу оние кои што не се од струката туку станува недоразбирање и помеѓу оние што се во струката. Конкретно, последниот дискутант, јас добив впечаток дека така зборува. Мислам дека во случајот треба да се предложи ако прифативме амандман со кој ги зголемува расходите треба да предложиме од каде тие пари ќе одат. Што значи билансот - рамнотежа. Што значи ребаланс, значи правиме нов биланс заради тоа што е нарушена таа рамнотежа. Таа рамнотежа мора повторно да се воспостави. Ако сега така се согласивме, ако изгласав- ме амандман кој што се усвои ни треба сега да кажеме дека прифаќаме да се зголемат и изворните приходи. Меѓутоа, треба да кажеме од каде да земеме, дали од данокот или од некое друго место. Или пак да се вратиме назад и да кажеме дека ги намалуваме одредени трошоци кои што беа планирани, одредени други расходи за да можеме да ги платиме овие ново станати расходи. Во спротивно, мислам дека ние правиме голема грешка и ако

останува така ако што е предложен амандманот да го прифатиме буџетот, јас незнам дали ние можеме да прифатиме така бидејќи тоа по мене ќе личи прифаќање на еден буџет со загуба. Тоа се прави во организации, но сепак треба да се знае од каде ќе се покријат тие пари. Јас во случајов не можеме никако да разберам и треба така да постапиме и да не губиме многу време како што губиме неколку дена.

И, да кажам уште една забелешка во почетокот што ја напра- ви претседателот што го води ова Собрание. Јас мислам дека ние во претходниот ден, во петокот завршивме со расправа околу буџетот и денес требаше само да гласаме а не сега нова расправа. Па заради тоа што вака постапуваме дозволуваме да доаѓаат нови амандмани и секогаш вака ќе расправаме и незнам кога ќе ги завршиме овие седници. Изгледа некој води сметка само за тоа да добие дневница. До кога така ќе се однесуваме. Мислам дека воопшто не се оправдуваме себеси пред народот. Незнам до каде, уште повеќе ги зголемуваме трошоците наместо да бидеме ефикасни и да ги намалиме трошоците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Господине Ајдарага, јас не можам ниеден пратеник да спречам, тоа е негово деловничко право додека трае расправата да поднесува амандмани. Според тоа откако ќе го измениме деловникот можеме да разговараме. Додека се заврши расправата секој пратеник и Владата имаат право да поднесуваат амандмани во строго пропишана форма, се разбира.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Ние минатиот пат токму поради овие работи бидејќи имаше и по други точки, не се сеќавам точно по која точка беше и слична расправа, заради тоа ја завршивме расправата за да не може да има нови амандмани. Ве молам, господине Петковски земете ги записниците да видите дали беше така или не.

VIII/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Еве, јас почнувам да читам, уште еден амандман имаше нерасправан.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Ќе ве молам господа, со изгласаниот амандман од Комисијата за здравство фактички буџетот е сега во билансна нерамнотежа бидејќи обврска на Собранието е буџетот да се донесе уравнотежен има три можности кои што сега стојат да се разрешат од страна на Владата. Тоа како прво би можело да биде зголемување на приходниот дел за да се уравнотежи приходниот и расходнито дел.

Понатаму, поднесуваше на амандман кој сигурно би значел на некој начин бришење на прифатениот амандман. И, трето, ако Владата има одредени можности за укалкулирање на овој амандман во одделе1 раздел или позиција. Па, заради тоа да немаме понатаму расправа, а оваа буџетска неравнотежа и усогласувањето на рамнотежата мора Владата да ни го понуди како решение за да натаму ние одлучиме како Собрание.

Мислам дека излезот од тоа е една пауза која што ќе значи после паузата разрешување на овој проблем. Инаку, вака ние тука не можеме ништо да разрешиме, а да усвоиме неуравнотежен буџет мислам дека сите економисти тука ќе се сложат дека тоа не е во ред.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Мене за тоа што многу работи не ми се јасни, ниту сум, стручен да ги објаснувам и разјаснувам, само сакам да поставам некое прашање што се однесува до избилансираноста или балансираноста на минатогодишниот буџет, па од каде сега наеднаш тука во други расходи односно обврски од

претходна година се јавија две милијарди 20 милиона 686 илјади денари, тоа што го рече претходната дискутанта госпоѓата Славјанка дека ќе се појави неурамнотеженост на буџетот за мене како лаик во 218 милијарди денари буџетска потрошувачка овие 460 милиона ми изгледаа смешни. Да бев јас подносител на амандманот, јас ќе го повлечев, меѓутоа само со едно дообјаснување и не само тоа туку да повторам од некни што реков во дискусијата дека ние имаме перманентна вакцинација. Незнам дали луѓето знаат што значи тоа, да не се вакцинира три месеци или година дена. Ние велиме дека сега немаме вакцини, велиме дека благодарение на некои други, а не на државата и ова Собрание и Владата ние за 6 месеци имаме вакцини, меѓутоа кој гарантира дека после 6 месеци нема да престанеме да вакцинираме.

IX/1 СП/ПН

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ**: (продолжение)

Затоа сакам да ми се објасни како толку сме сигурни дека ќе го избалансираме буџетот на едната и на другата страна и нема да ни се појават еве да речеме 3 или 4 милијарди што ќе се пренесат во другата година.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Господа пратеници, предлогот на г-ѓата Стојанова беше на место и треба да го реализираме. Ако некој не е стручњак, не е економист, па сака за 2 седници да заврши економски факултет кој трае 4 години, тоа е друга работа. Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Објавувам пауза од 30 минути, а во меѓувреме Владата дали ќе ни поднесе амандман или во врска со ова некој предлог.

(Седницата прекина со работа во 15,20 часот, а продолжи во 16,45 часот).

Продолжуваме со работа.

Молам стручната служба да го утврди точниот број на присутните во салата.

Констатирам дека се присутни 77 пратеници. Можеме да продолжиме со работа.

Мислам дека сите пратеници го имаат добиено предлогот на амандманот на Владата.

Дали некој бара збор?

Има збор потпретседателот на Владата Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Наместо бројката "538 милијарди", треба да стои "538 милиони". При отчукувањето на брзина се додадени 3 нули.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на Владата на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (49)

Констатирам дека 49 пратеници гласаа за амандманот и Собранието го прифати амандманот на Владата на РМ.

Дали е некој против? (21)

Дали е некој воздржан?

Господинот Александар Флоровски има процедурално прашање.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно да се гласа, имам поддршка од 10 пратеника господа. Мислам дека е тоа мое право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор во врска со законот.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Видете, пред да се изврши гласањето го молам министерот за финансии во функција на,реализација на амандманот за спроведување на буџетот вака како е замислен, при спроведувањето на Одлуката за времено

финансирање на функциите на Република Македонија да се искаже како гледа на веќе претходно усвоениот амандман за недостаток на тие средства од 462 милиони денари во јануари месец. Ако Владата ја прифати, со оградената одлука , реализацијата на овие средства во текот на јануари, мислам дека ќе ни го олесни гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

По мојот прв настап по повод прашањето што ќе биде по усвојувањето на амандманот на Комисијата за здравство, реков и сега можам истото да го повторам, дека Владата на товар на расходите од 1993 година во рамките на одлуката за времено финансирање која треба ова собрание да ја усвои по оваа точка ќе му даде приоритет износот што е предмет на овој амандман да се исплати во текот на месец јануари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Јас се извинувам, должен сум за едно извинување, бидејќи изгубивме од вид дека сепак за законот не е гласано. Предлагач на законот е Владата и предлог - амандманот фактички односно на ребалансот предлагач е Владата и тој станува составен дел на ребалансот на буџетот. Според тоа, немаме амандман.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Образложението на потпретседателот на Собранието е потполно согласно деловникот, меѓутоа, јас би се запрашал како пратеник ако овде пратениците немаат право или имаат право  да поднесуваат амандмани, а

потоа Владата со свои амандмани ги анулира тие амандмани кои се усвоени, како ќе работиме во однос на амандманите? Дали сега имаме право ние затоа што е составен дел, тоа е точно согласно Деловникот, секој амандман на тој што е предлагач е составен дел на предлогот затоа се прашувам сега што ќе правиме ние како пратеници дали имаме право по овој амандман на Владата кој е составен дел на предлогот,дали ќе имаме право да поднесуваме амандман. Тоа е мојата дилема. Ако ние секогаш Владата овде предлага е овластен предлагач и предлага закони, ако не и се допадне некој амандман што е усвоен од ова Собрание, таа ќе биде во состојба да го искористи ова деловничко право и да си поднесе контра амандман т.е. амандман кој ќе биде составен дел на законот и ќе го анулира претходно усвоениот амандман од ова собрание. Ние се наоѓаме во една позиција да како пратеници не можеме да поднесуваме амандмани и да ги гласаме тие амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојков по деловникот не е апсолутно спорно дури трае расправата имате правата да поднесете амандман и поединечно и како сакате.

Отворам претрес по текстот на Законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на измените на Републичкиот буџет за 1992 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61).

Молам, дали е некој против? (16)

Молам, дали има воздржани? (4)

IX/5

Констатирам дека Собранието го донесе   еве господинот Стојков има процедурално прашање.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не е процедурално, туку е деловничко. Се сомневам во гласањето и со поддршка од 10 пратеници согласно деловникот барам поединечно гласање за Ребалансот на Буџетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој го поддржува предлогот? Во ред, има 10 пратеника.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

1. Фаик Абди, за
2. Газменд Ајдарага, за
3. Хамид Алиу, за
4. Ештреф Алиу, отсутен
5. Стојан Андов, отсутен
6. Гоце Андоновски, за
7. Митко Анастасовски, воздржан
8. Тиме Андонов, за
9. Никола Апостоловски, воздржан
10. Душко Арсовски, за
11. Драги Арсов, против
12. Бранко Арсовски, за
13. Ламбе Арнаудов, отсутен
14. Јордан Бошков, против
15. Горѓи Бојковски, за
16. Љупчо Георгиевски, против
17. Александар Гештаковски, отсутен
18. Петар Гошев, за
19. Владимир Голубовски, отсутен
20. Драги Граздановски, против
21. Санде Давчев, за
22. Димитар Димитровски, за
23. Тодор Димов, за
24. Доста Димовска, отсутна

25. Ратка Димитрова воздржана
26. Петар Ѓорѓиев, за
27. Борко Ѓоргески, против
28. Душко Ѓорѓески, за
29. Зуди Емини, за
30. Јордан Зафиров, за
31. Горан Зафировски, против
32. Насер Зибери, отсутен
33. Васил Зимбаков, отсутен,
34. Ванчо Златанов, за
35. Борис Змејковски, отсутен
36. Симеон Ивановски,отсутен
37. Љубосав Иванов, отсутен
38. Јаким Ивановски, за
39. Иван Иванов, за
40. Љупчо Јакимовски, против
41. Цветан Јовчевски, против
42. Ристо Јованов, за
43. Гулистана Марковска, за
44. Ристо Ќелешов, за
45. Ташко Киров, воздржан
46. Зоран Китев, против
47. Кирил Ковачевски, против
48. Горѓи Котевски, отсутен
49. Стојан Ковачевски, за
50. Зоран Крстевски, за
51. Никола Крстевски, воздржан
52. Билјана Лазаревска, воздржана
53. Вецко Личоски, отсутен
54. Коле Луловскли, воздржан
55. Флоре Масалковски, отсутен
56. Јован Манчевски, за
57. Ефтим Манев, за
58. Страшо Милковски, за
59. Панчо Минов, отсутен
60. Марин Миленковски, за

61. Владимир Митевски, за
62. Трајан Мицевски, против
63. Ванчо Младенов, за
64. Џеладин Мурати, отсутен
65. Авди Муртезани, за
66. Наиф Мустафа, за
67. Симон Наумовски, за
68. Панче Насев, за
69. Славе Наумовски, отсутен
70. Богдан Неделковски, воздржан
71. Душан Николовски, за
72. Јован Николов, за
73. Тодосија Паунов, за
74. Михаил Пановски, отсутен
75. Томислав Пецаков, отсутен
76. Тито Петковски, за
77. Тодор Петров, воздржан
78. Мерсим Положани, отсутен,
79. Димитар Поповски, отсутен
80. Киро Поповски, за
81. Љубомир Поповски, за
82. Никола Поповски, за
83. Шабан Превала, за
84. Исмет Рамадани, за
85. Божо Рајчевски, отсутен
86. Иван Рамбабов, за
87. Шукри Рахими, за
88. Неим Селмани, отсутен
89. Ферид Садику, за
90. Наум Симјановски, за
91. Ацо Спировски, отсутен
92. Ристо Станковски, за
93. Наќе Стојановски, за
94. Славјанка Стојанова, за
95. Никола Стојановски, за

96. Стоиле Стојков, воздржан
97. Томислав Стевковски, против
98. Ристо Стаменов, отсутен
99. Томислав Стојановски, воздржан
100. Оломан Сулејмани, за
101. Џелил Таири, за
102. Петар Темелковски, против
103. Гоце Гемелковски, отсутен
104. Благој Тошев, отсутен
105. Петре Трајановски, за
106. Петре Трајковски, отсутен
107. Димитар Трпеновски, за
108. Душан Трпчевски, воздржан
109. Агим Фазлиу, за
110. Александар Флоровски, против
111. Благој Ханџиски, отсутен
112. Абдурахман Алити, за
113. Сејфедин Харуни, за
114. Мухамед Халили, за
115. Стојмир Цветковски, за
116. Неџати Џафери, за
117. Алил Џафероски, за
118. Веби Џемаили, отсутен,
119. Благоја Чкатроски, отсутен
120. Хисни Шакири, за

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Од вкупно 89 пратеници што гласале "за" гласале 63, против 14, и воздржани 12 пратеника.

Констатирам дека Собранието ги донесе измените на Републичкиот буџет за 1992 година.

По повод донесувањето на измените на Републичкиот буџет за 1992 година, Комисијата за финансирање и буџет му предлага на Собранието да го донесе следниот заклучок:

1. Со цел да се обезбеди порационално работење во органите на управата во 1993 година, потребно е овие институции да ги донесат актите

за организација и систематизација со потребниот број на вработени и правилници за распределба на платите.

Второ, со цел да се обезбедат потребни средства и доследно да се спроведе користењето на средствата во Републичкиот буџет за 1992 година утврдени за заштита на езерата раздел 20, позиција 202 при спроведувањето на Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година, да се утврдат потребните средства за заштита на Преспанското и Дојранското Езеро, а при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година да се обезбедат средства за трите езера согласно Законот за заштита на Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро и Програмата за заштита на наведените езера.

Трето, при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година потребно е Владата да го има предвид и барањето за обезбедување на средства за финансирање на изградбата на втора фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро-

Четврто, имајќи ги предвид состојбите во здравството во поглед на проблемите со финансирање на одредените намени, потребно е при утврдувањето на Републичкиот буџет за 1993 година да се предвидат средства кои согласно законот за здравствена заштита децидно ќе бидат утврдени како обврски на државата.

Поради недоволно дефинирани извори и намени на средства во здравствената област, потребно е да се извршат измени на Законот за здравствена заштита во смисла на прецизирање на обврските на државата за финансирање на одделни намени.

Петто, при утврдување на Републичкиот буџет за 1993 година во делот за општествените дејности да се предвидат потребните средства за покривање на обврските за доделување на ученички и студентски стипендии и кредити како и средства за заштита на студентскиот стандард.

Шесто, за реализација на програмите што се реализираат преку Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта, потребно е да се утврдат средства како учество на Републиката во поттикнување на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја во Републичкиот буџет во 1993 година.

Седмо, заради обезбедување на потребните средства за поттикнување на развојот на земјоделието, регреси за вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата и квалитетни сортни семиња, како и за премии на одделни земјоделски производи, потребно е при спроведување на одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година пориоритет да се даде за овие намени.

Осмо, овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, Министерството за здравство, Министерството за образование и физичка култура, Републичкиот фонд за кредитираше на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта и сите министерства и други институции кои се сметаат,според законот, како органи на управата.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?.

Х/1.-ДВ/МЛ

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Уште вчера кога претседателот на Комисијата за финансирање и буџет го предложи овој заклучок, јас предложив овој заклучок да се дополни со точка која би гласела: "При утврдуваше на Републичкиот буџет за 1993 година да се обрне посебно внимание за одделот кој го третира просторното и урбанистичко планирање во Републиката и при распределбата на средствата да се води сметка за оваа област". Ова го кажувам од причини што и на нашата комисија беше разговарано дали да се поднесе амандман или не, но бидејќи ја сфативме ситуацијата во која се наоѓа Владата, ние решивме да не поднесеме амандман туку да се вклучиме со својот придонес во заклучоците и за ова навистина да се обрне внимание при распределбата на Буџетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, еве за тоа имам потврдно мислење од претседателот на Комисијата.

Да ја прашам Владата дали се согласува да се дополнат заклучоците и со овој заклучок? (Се согласува).

Значи оваа интервенција, предлогот на госпоѓа Лазаревска се прифаќа.

Кој е за така предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеника).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Минуваме на **точка 2** - Предлог на одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање

X/2.-

и буџет и Законодавно - правната комисија ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за додавање нов текст по член 5 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (66 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 19 93 година.

Ја завршивме оваа точка, да се договориме дали ќе одиме натаму да расправаме по другите точки.

Бидејќи за следната точка имаме само еден амандман, пред- лагам да поминеме на расправа и по третата точка.

Минуваме на **точка 3** - Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за здравство, Комисијата за труд и социјална политика, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за образование, наука и кул-

тура и Законодавно - правната комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на за- кон за изменување на Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 19 92 година.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Има ли некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Петре Трајановски поднесе амандман на реден број 3 од предлогот на дозволената потрошувачка по општини во 1992 година со кој претставникот на предлагачот не се согласи.

X/4.-

Отворам претрес по амандманот на реден број 3 од предлогот на дозволената потрошувачка по општини за 1992 година, поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Има збор господин Петре Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојот амандман се однесува на Предлог - законот за изменуваше и дополнување на Законот за ограничување на потрошувачката на општите општествени и заеднички потреби во 1992 година. Амандманот се состои во следново:

Општината Македонски Брод се вбројува во редот на неразвиените општини во Републиката и секогаш според сите критериуми и норми била споредувана со другите општини во Република Македонија како што се Берово, Виница, Валандово, Демир Хисар и други и сите овие општини според овој Предлог-закон за изменување на Законот за ограничување на потрошувачката се ограничени на износ кој се движи од 20 до 30 милиони денари, што е двојно повеќе од износот со кој е ограничена општината Македонски Брод.

Општината Македонски Брод по територија е една од најголемите во Републиката, поголема од сите овие претходни општини што ги спомнав, со голем број на населени места кои се просторно многу оддалечени една од друга и секако дека трошоците за извршување на самата функција на Собранието на општината се поголеми.

Исто така, не навлегувам во точноста на пресметките за процените за учеството на остварените приходи во 1990-1991 година, бидејќи верувам дека истите се точни. Но, не можеме да ги прифатиме како критериуми бидејќи условите во 1990 и 1991 година биле различни во различни општини и по однос на остварувањето на сопствените приходи. Дополнителните приходи како и во поглед на рационалното трошење на остварените приходи.

X/5.-

Применувајќи го овој критериум произлегува дека оние општини кои помалку трошеле, така да речам домаќински се однесувале сега се ограничени за разлика од оние кои можеби покомотно се однесувале.

Исто така, заклучно со состојба 20.12.1992 година буџетот на општина Македонски Брод има остварено вкупно сопствени дополнителни приходи во износ од 13.962.400 денари. Во споредба со истиот период се направени расходи во вкупен износ од 19.927.000 милиони денари од кои се исплатени 11.960.000 иљади денари, а останатиот износ од 7.966.000 иљади денари се стасани а не наплатени. Оттука од овие показатели може да се заклучи дека остварените приходи и расходи се поголеми, така да не е можно да се изготви ребаланс на општинскиот буџет, бидејќи приходниот дел ќе биде поголем од расходниот дел и покрај тоа што фактичката состојба на расходите е поголема од приходите. Ве молам за разбирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (16 пратеника).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на реден број 3 од Предлогот за дозволената потрошувачка по општини за 1992 година поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Х/б.-

Молам, кој бара збор?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Пред малку со усвојувањето на Предлогот на закон за измени на Законот за ограничување на потрошувачката на општи општествени и заеднички потреби во членот 1 кај општинските буџети стои сума од 3 милијарди. Бидејќи сега со изгласувањето на амандманот на пратеникот Трајановски имаме поинаква ситуација треба да извршиме измена во Законот за да го зголемиме износот што се ограничува, а важи за сите општински буџети, нивото на потрошувачката за сите општински буџети. Би требало, тука се и претставниците на Владата, сигурно треба и они да реагираат. Би требало за износ од 6.800.000 милион денари да се зголеми сумата во позицијата кај општинските буџети кај Законот за ограничување на општата и заедничка потрошувачка, бидејќи со изгласувањето на амандманите дојде до тоа. Тоа е само едно усогласување и потврда на амандманот што Собранието пред малку го донесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам,претставник на Владата да даде свое мислење.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Системот за финансирање на локалната самоуправа го утврдила со закон ова Собраниве. Тие имаат свои изворни приходи, тоа се неколку изворни даноци и 0,32% од данокот промет остварен на територијата на општината. Во тешка ситуација се наоѓаат повеќе мали општини во Македонија кај кои нема изворни приходи. Во конкретниот случај можам да ве информирам, општина Македонски Брод, износот што се пред- ложи се усвои, таа од тие изворни приходи не може да го оствари ниту го остварила, ниту ќе го оствари до крајот на годината. Според тоа, ние мислиме дека

износот, не да се зголеми целиот износ затоа што тоа не е можно бидејќи е утврден за локалната самоуправа, туку тој износ да се земе од други општини и да се додаде на општина Македонски Брод. Друго решение нема.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Сега Владата нека повторно поднесе амандман за да го поништи ова гласање затоа што гласавме без врска. Прегледот на распределбата на средствата по општини нека сега Владата каже од која општина ќе земе средства за да го задоволи зголемувањето што го изгласавме со овој амандман за 6.800.000 илјади денари. Во спротивно не може да се вршат никакви корекции бидејќи ребалансот се усвои, позицијата од 3 милијарди денари е усвоена во тој ребаланс и немаме ни- каква основа да вршиме корекции на износи. Затоа нека се направи пауза Владата повторно да го поништи гласањето, бидејќи гласаме навистина без врска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте така. Гласаа пратениците по свое убедување.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Само една корекција. Овој износ нема врска со ребалансот на буџетот. Ова е посебна ставка во општата и заедничка потрошувачка, не е зависна од усвоениот ребаланс на буџетот.

X/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (12 пратеника).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година.

По повод донесувањето на Законот за изменување на Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби за 1992 година, Комисијата за финансирање и буџет му предлага на Собранието да го донесе следниот Заклучок:

1. При донесување на Законот за ограничување на потрошувач ката за општите општествени и заеднички потреби во 1993 година, Владата на Република Македонија да достави и Информација за проблемите во финансирањето на општините.

2. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Дали има уште предлози за изменување и дополнување? (Нема).

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (62 пратеника).

Дали има некој против? (2 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеника) Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот) .

Продолжуваме со работа утре во 10 часот.